**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јули 2004 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници,

Пред да почнеме, да ја обновиме старата традиција, дозволете ми од мое и Ваше име на пратениците Роза Топузова Каревска и Нелко Стојановски да им го честитам роденденот.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Славица Гркоавска, Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Емилија Костадинова, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Чедомир Краљевски, Орданчо Тасев, Аднан Ќахил, Марјан Ѓорчев, Али Ахмети, Мандух Тачи, Љупчо Мешков и Игор Ивановски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам, да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници, иако има 73 картички внатре, но притиснале 63 пратеници, со што констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записникот од Шеесет и втората седница на Собранието Ви е доставен.

Дали некој има забелешки на записникот ? (Нема).

Констатирам дека записникот од Шеесет и втората седница на Собранието е усвоен без забелешки.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на предлозите на актите со кои се заокружува законската регулатива за функционирање на локалната самоуправа.

Предлозите на овие акти кои се содржани во предлогот на дневниот ред на Решението за свикување на оваа седница, Ви се доставени.

Владата на Република Македонија предлага овие предлози на акти да бидат разгледани во скратени рокови на оваа седница.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овие предлози на акти да се донесат во скратени рокови на оваа седница.

Има збор министерот за локална самоуправа господинот Гештаковски.

АЛКЕСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Владата на Република Македонија  до Собранието го достави пакетот на закони за децентрализавција  на власта во државата, со барање седницатга да биде свикана за што е можно покус рок.

Собранието на Република Македонија, морам да нагласам, според Уставот е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во Републиката, каде во име на граѓаните се одлучува. Пакетот што Ви е доставен од дваесет и девет предлог-закони беа на расправа пред ова Собрание во прва фаза и со забелешките и мислењата беше утврдена потребата и целисходноста од нивното донесување.

Почитувани пратеници,

Децентрализацијата има суштинско значење за демократските процеси во Република Македонија  но и во процесот на градење доверба меѓу граѓаните и градење на нашата заедничка иднина на патот кон Европа.

Расправата што денеска започнува во една, слободно можам да кажам, наметната вжештена атмосфера, нé обврзува сите нас да бидеме крајно внимателни и да ги избегнуваме политичките квалификации со еуфорични популистички настапи,

настапи со цел подигање на партискиот и личен рејтинг пред претстојните локални избори.

Затоа, низ расправа, со аргументи, рационално и одговорно, со цел навремено да бидат преземени потребните дејствија за распишување и одржување на локалните избори, Владата му предлага на Собранието предлог-законите да бидат ставени на дневен ред, разгледани и усвоени во согласност со Деловникот на Собранието.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Владата овие предлози на акти да се донесат во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 83 пратеници, 66 гласале за, нема воздржан, а 17 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлагам дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 85 пратеници, 67 гласале за предлогот, нема воздржани, 18 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според то, за денешнава седница го предлагаме следниов дневен ред:

1. Предлог на закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија;
2. Предлог на закон за Градот Скопје;
3. Предлог на закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа;
4. Предлог на закон за комунални такси;
5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси;
6. Предлог на закон за даноците на имот;
7. Предлог на закон за угостителска дејност;

8. Предлог  на закон за туристичка дејност;

9. Предлог  на закон за вршење на занаетчиска дејност;

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование;

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование;

12. Предлог за донесување на закон за ученички стандард, со Предлог на закон;

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата;

14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита;

15. Предлог  на закон за заштита на природата;

16. Предлог  на закон за управување со отпадот;

17. Предлог  на закон за квалитет на амбиентниот воздух;

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спортот, со Предлог на закон;

19. Предлог  на закон за музеите;

20. Предлог  на закон за библиотеките;

21. Предлог на закон за меморијалните споменици и спомен -обележјата;

22. Предлог  за донесување на закон за заштита на населението од заразни болести, со Предлог на закон;

23. Предлог  за донесување на закон за пожарникарство, со Предлог на закон;

24. Предлог  за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавни патишта, со Предлог на закон;

25. Предлог  на закон за градба;

26. Предлог  на закон за превоз во патниот сообраќај;

27. Предлог  на закон за просторно и урбанистичко планирање;

28. Предлог  за донесување на закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, со Предлог на закон;

29. Предлог  на закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Повелете господине Караџоски, барате збор процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе,

Прво, не ми е јасно врз основа на кој член од Деловникот Вие дозволивте и апсолутно не слушнав кои ние закони, Владата овде ги образложи, дека се по итна постапка. Прочитавте 29 закони од кои некои имаат врска со децентрализацијата, а некои немаат блага врска со децентрализацијата. Вие, на купче, врз основа на излагањето на господинот Гештаковски утврдивте дека со едно гласање сите поминаа во процедура и во постапка.

Така не е претседателе. За секој закон треба поединечно да се произнесе предлагачот дали е по итна постапка или не и да ја образложи итноста на секој закон поединечно, а не групно. Вие утврдивте буквално дека сите овие закони, со едно образложение се по итна постапка. Не знам, врз основа на кој член тоа го најдовте. Мислам дека ја повредивте процедурата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, во образложението на господинот Гештаковски во име на Владата, ова е еден комплет на закони што се причинско - последично врзани во врска со децентрализацијата и како такви објаснувањето е дадено и се ставени на дневен ред. Претставникот на Владата, во комплетен состав сите закони што се дојдени во пакет се во врска со децентрализацијата и како такви се дадени.

Затоа, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Реакции од страна на пратениците од опозицијата).

Јас одговорив, тоа што можеби вие не сте задоволни од одговорот, тоа е друга работа. Јас Ви одговорив дека е ова комплет на закони поврзани со децентрализацијата.

(Реакции од страна на пратениците од опозицијата со барање врз основа на кој член е утврдено да се образложи групно кога токму пишува во законот дека за секој закон треба поединечно да се образложи од Владата).

Како претставник од Владата и како предлагач на пакетот на овие закони господинот Гештаковски образложи зошто сите закони треба да бидат по скратена постапка, бидејќи се тоа закони поврзани со децентрализацијата.

(Реакции со дофрлање од страна на пратениците од опозицијата, во врска со законот за библиотеките).

И тоа е од пакетот закони за децентрализација, затоа што и таму има одредени аргументи.

(Реакциите и негодувањата не престануваат).

Ве повикувам да гласаме.

(Пратениците од опозицијата бараат да се изјаснат како ќе гласаат и бараат збор процедурално).

Ве молам да гласаме, а после ќе ви дадам збор процедурално.

(Реакциите продолжуваат со барање да кажат зошто ќе гласаат така како што ќе гласаат бидејќи тоа право го имаат според Деловникот).

На тоа имате право по законите, кога ќе се отвори расправата.

Ве молам, гласале 49 пратеници, 49 гласале за, нема воздржани, нема против.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници, а пратениците од опозицијата бараат збор процедурално).

Во салата се присутни 85 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Повелете сега, во врска со редоследот во дневниот ред, дали имате нешто да кажете?

(Пратеникот Жарко Караџоски бара збор процедурално).

Повелете г. Караџоски процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе,

Навистина ми е криво кога морам да Ве опоменувам и да Ви ги читам овде члeновите од Деловникот. Тоа, навистина, е ваша обврска и основна задача. Инаку, наметнувате непотребна тензија.

Членот 85 милион пати сме го прочитале, ќе го прочитам милион и прв пат:

“На пратеник, кој сака да говори за повреда и неправилна примена на Деловникот претседателот му дава збор штом ќе побара”.

Од каде ги изнаоѓате овие мобиси - “чекајте да гласаме па после ќе ви дадам”. Проблемот беше пред гласањето да кажеме што мислиме да кажеме. Откако ќе гласаме, дали редоследот ќе биде ваков или таков, процедурата е друга.

Навистина не знам врз основа на што си земате вакво право. После ќе се извинувате “1:0 водите, па 2:водите, јас се извинувам, грешев” меѓутоа не е таков начинот. Ве молам, дозволете на секој еден пратеник кој бара процедурално, дајте му збор, согласно на Деловникот. Ништо повеќе не бараме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Трендафилов Вие се јавувате за збор процедурално?

Се јавувате за редоследот.

Повелете господине Трендафилов имате збор за редоследот.

(Пратеникот Блаже Стојановски бара збор, процедурално).

Повелете господине Стојановски имате збор процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе,

За предлогот за дневен ред што ни е доставен како пратеници, содржи 29 точки, во овие точки имате предлагач Министерство за култура, имате предлагач Министерство за транспорт и врски, имате предлагачи различни министерства на Владата на Република Македонија. За да може да се образложи итноста треба да има овластување тој што ја образложува итноста за конкретниот закон.

Дали вие прифаќате дека господинот Гештаковски станува предлагач и претставник на Владата за сите овие 29 закони, затоа што образложението за итноста го даде тој за сите овие точки. Доколку прифаќате така, тогаш го повредувате Деловникот и затоа апелиравме пред гласањето да ни дадете збор процедурално, со цел оваа расправа да почне да тече согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Стојановски, предлагач на законите е Владата. А претставници се поодделните министерства и господинот Гештаковски во име на Владата, еве го тука е и премиерот, му го даде тоа овластување да ги образложи сите закони и причината зашто тие треба по итна постапка.

(Реакции со дофрлања од страна на опозицијата).

Повелете господине Трајановски имате збор процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе,

Со оглед на тоа што го повредивте Деловникот, барам да го поништите гласањето и повторно да ни дадете да образложат министрите за секоја пооделна точка од дневниот ред за итноста и скратената постапка на овие закони. Бидејќи многу од колегите тоа го потенцираа, сметам дека ќе биде многу доблесно да се поништи гласањето и секоја од точките од дневниот ред да биде поединечно образложена која е итноста и соодветно, дали тоа ќе биде претседателот на Владта или соодветното ресорно министерство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас веќе објаснив дека предлагач е Владата и нема понатаму што околу тоа да се објаснуваме. Еднаш дадов одговор за тоа. Министерствата се подготвувачи на закони и тие се претставници да го бранат законот, но Владата е предлагач на законите.

Повелете господине Андов имате збор процедурално.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе,

Треба да направиме напор барем седницата регуларно да тече. Навистина Владата е предлагач, но за секој предлог постои овластен претставник овде. И, само овластениот претставник за предлогот може да настапи и да го бара тоа. Овластен претставник не може да се менува во договор со вас, туку со писмо до пратениците, до Собранието. Овластени претставници се по разни закони разни министри. Тие министре треба да си дојдат овде и да дадат објаснување.

Немојте од почеток да правите нервозна атмосвера, бидејќи верувам тоа не ви е намера, но тоа ќе биде плодот и ќе се наруши една расправа што е за многу одговорна, многу важна тема, темата на децентрализацијата. Сите имаме интерес тука да се расветлат работите и правилно да ги решиме. Но, за тоа е потребно едно цврсто држење на постапката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Андов, еве јас се надевам дека Ви е поделено, еве сега пристигнува, ќе ви се подели писмото од Владата каде што за сите закони што се

образложуваат за скратена постапка е овластен господинот Гештаковски. А, за бранење на законите си има претставници што ќе бидат присутни тука.

Повелете господине Сашко Кедев, имате збор процедурално.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Денес ја започнуваме можеби најважната расправа по еден предлог закон за децентрализација во Република Македонија и се започнува на срамен начин. Неможе да се игнорира значењето на законскиот проект кој што има историско значење за понатамошниот живот во Република Македонија и неможе министерот за локална самоуправа да има експозе од една минута и 20 секунди за еден закон кој што дефинитивно го сменува животот во Република Македонија. Бидејќи се работи ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам напуштете ја говорницата г-дине Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Бидејќи иако не е почната точката, неможе да се задржиме на едно минутно експозе на министерот за локална самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Кедев, јас мислам дека и на вашите пратенци им е јасно дека вие не сте во право, бидејќи ова е втора фаза и овде одиме само со амандмани, а во расправа по текстот, тоа што сакате вие да го кажете, можете и да го кажете.

Повелете г-дине Трендафилов вие имате забелешки за редоследот .

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Навистина доста интересно ни ја престави итноста за овие 29 предложени закони министерот за локална самоуправа. Одкако ни укажа кои се нашите обврски како пратеници, нешто што оваа Влада често пати го прави, иако тешко им влегува во глава на министрите од Владата на г-динот Црвенковски, јас сепак ќе ги потсетам дека тие во овој дом се гости и овде важат правилата на Собранието на Република Македонија . И навистина беше невкусно министрите кои како дел од Извршната

власт одговараат пред ова Собрание, не лично кон овој, или оној пратеник и не лично кон ова или она .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трендафилов поминете на редоследот на точките на дневниот ред. Тоа беше вашето барање како процедурално.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Предлагам точката 21 - Предлог на закон за меморијалните споменици и спомен обележјата да биде повлечена од оваа седница, затоа што воглавно вниманието на пратенците беше насочено кон законите кои како што тврди Владата ја третираат сферата на децентрализацијата на власта во Република Македонија , а одредени ставови во овој закон кои се исто така на дневен ред, мислам дека не влегуваат во сферата на децентрализацијата и дека можеби би требало да се разгледа можноста за одредени дополнувања, или за одредени ретерирања од страна на предлагачот.

Точката 1 - Предлог на закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија исто така да биде повлечена од дневниот ред од две многу едонставни причини.

Првата е повеќе од очигледна со оглед на се она што се случува во овие неколку дена. И втората е, активноста, граѓанската иницијатива на Светскиот Македонски конгрес која веќе е при својот крај. Можеби би било најдоблесно од страна на Собранието на Република Македонија да почека со завршување на таа иницијатива, особено затоа што после настаните во Струга нештата се радикализираа пред се во насока на штета на граѓаните. Како на пример, жителите на општина Облешево кои во текот на вчерашниот ден најавија дека од денеска дел од нив ќе стапат со штрајк со глад, ќе го изразат својот протест поради укинување на нивната општина. Значи со оглед на севкупната ситуација во земјава, точката 1 треба да биде симната, повлечена од понатамошно разгледување со едноставна причина за да завршат, ако не повеќе, барем најголемата граѓанска иницијатива на Светскиот Македонски конгрес. Во контекст не би сакал сега да образложувам зошто ја поврзувам со точката за која ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Трите минути поминаа.

Го ставам на гласање предлогот, точката 21 да се симне од дневен ред.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 88 пратеници, 24 пратеници гласаа за, нема воздржани, 64 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Вториот предлог точката 1 да се одложи, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 83 пратеници, 23 за, еден воздржан 59 против.

Констатирам дека и овој предлог не е усвоен.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Прво не ми е јасно дали дневниот ред е усвоен, ама колку што знам не е усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие сте во право. Затоа не прифаќам повеќе предлози кои што значат симнување. Сега зборуваме само за редоследот. Дневниот ред е усвоен, бидејќи е изгласан.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Кога го изгласавме дневниот ред?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го изгласавме кога ги броев присутните, кога реков 86.

Повелете, дали имате забелешка и за редоследот на дневниот ред?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

И ако е усвоен дневниот ред, имаме право да предлагаме да се симне точка. Каде пишува дека немаме право?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи дневниот ред е усвоен таков, како што е усвоен .

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Па што дека е усвоен. Предлагаме да се повлече точката. Ако се изгласа, тогаш се повлекува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски дали имате забелешка за редоследот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе јас колку што знам, дневниот ред не е усвоен, туку се гласаше за итноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гласано е и за дневниот ред.

Повелете, предлагајте евентуални промени на редоследот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Мојот предлог е и точка 2 да биде повлечена. Значи, Трендафилов побара точка 1, меѓутоа и точка 2 со истите образложенија како што е и за точка 1. Бидејќи станува збор за Градот Скопје и бидејќи станува збор за територијална организација која што ја опфаќа и Градот Скопје. Од познатите причини, да не ги образложувам сега, барам точка 2 да биде симната од дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие мене не ме разбравте г-дине Караџоски. Дневниот ред е утврден. Вие сао можете да дискутирате во врска со редоследот. Направив добра волја, но очигледно дека во таа насока оди. Не е проблем, и таа добра волја ќе ја направам.

Повелете, да гласаме за предлогот наг-динот Караџоски точка 2 да биде одложена.

Ве молам да гласаме.

Гласале 81 прартеник, 20 пратеници гласале за, нема воздржан, 61 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас предлагам точката 22 Предлог за донесување на закон за заштита на населението од заразни болести, да се повлече од дневниот ред, затоа што сметам дека Владата при предлагањето на овој дневен ред за оваа седница водеше сметка тоа да бидат закони кои што се однесуваат, или имаат некаква врска со децентрализацијата. Меѓутоа, овој закон навистина не гледам да има никаква врска

со процесот на децентрализација во Република Македонија. И од тие причини барам да биде повлечена оваа точка од дневен ред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на г-динот Стојановски точката 22 да биде повлечена, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 85 пратеници, 22 за предлогот, нема воздржан, 63 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА:

Предлагам точката 3 да биде точка број 1, бидејќи Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа сметам дека е од есенцијално значење за процесот за децентрализација. Понатаму предлагам точкаа број 1 да биде последна на дневен ред. И точката број 2 Предлог на закон за Градот Скопје да биде претпоследна точка на оваа седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го ставам на гласање предлогот точката 3 да биде точка број 1.

Ве молам да гласаме.

Гласале 85 пратеници, 24 гласале за, еден воздржан, 60 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Го ставам на гласање предлогот точката 1 да биде последна.

Ве молам да гласаме.

Гласале 78 пратеници, 21 за, еден воздржан, 56 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Го ставам на гласање предлогот точката 2 да биде претпоследна.

Ве молам да гласаме.

Гласале 80 пратеници, 20 за, еден воздржан, 59 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Како претседател и јас имам предлог процедурален, имам предлог точките од 1 до 29 да останат онака како што се дефинирани по истиот редослед.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, 63 за, нема воздржан, 13 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

А сега г-дине Караџоски да ви објаснам дека и тоа е измена. Вие велите дека ова не е измена. Не значи дека вашето барање е една точка и од едно место на друго е измена. А моето барање е една точка да остане на истото место, дека тоа не е измена и дека тоа е легитимно барање. Според тоа, мнозинството се изјаснува дека било кои ваши барања околу измената на дневниот ред ќе го одбие и да бидеме рационални , ефикасни и логични. Вие г-дине Коце Трајановски и г-дине Караџоски се сеќавате дека еднаш едно купче од точки од 43-та до 57-ма како купче го предложивте да дојдат напред, што мнозинството го прифати како еден логичен, рационален и корисен предлог. Според тоа, работите имаат две значења.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине претседателе, значи според Деловникот пратеник има право да бара да се измени редоследот на точките. Нема право да бара да остане редоследот ист како што е предложен. Тоа не е во Деловникот утврдено.

По однос на она што сега кажувате дека јас сум побарал едно купче, точно така. Меѓутоа тие точки беа да ве потсетам 45, 46, натаму и јас предложив да бидат 1, 2, 3, 4, значи да ги гледаме напред. И тоа е логички измена на редоследот на дневниот ред. А не реков да останат 46, 47 и 48, како што сега вие велите. Значи, предлог може да има до колку се бара измена, а не предлог да остане нешто. Нема логика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има логика од аспект дека сака да се види кој е ставот на мнозинството.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Моето јавување е процедурално. Сакам да ми објасните зошто не не известивте дека денеска ќе работиме во Собранието под вакви услови. Ние денеска не можевме да паркираме ниту на километар далеку од Собранието, ни беше оневозможено да се паркираме нормално во Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Коце Трајановски тоа не е процедурално. За тоа ќе се обратите до МВР, бидејќи тие одговараат.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Вие сте овде претседател на Собранието. Ние не можеме да се паркираме два км. надвор од Собранието. Треба да ни овозможите ние нормално да си доаѓаме

во Собранието, или да не известите дека вакви ќе бидат условите. Ние не можеме ни да работиме под вакви услови.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Бидејќи јас не сметам дека можете да претпоставите каков е ставот на мнозинството по однос на овој предлог што сакам сега да го дадам за измена на редоследот на точките од дневниот ред .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Стојановски, дајте го предлогот и без големи елаборации само предлогот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Точката број 29 Предлогот на закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти, сметам дека сигурно е една од позначајните точки во овој дневен ред и незнам од кои причини е ставена последна. Ако навистина се смета да се остварат функциите на локалната самоуправа, предлагам точката 29 да дојде веднаш после Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, односно да стане точка 6, а останатите точки надолу да го изменат редоследот согласно таа точка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на пратеникот Блаже Стојановски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 83 пратеници, 21 за, воздржани нема, 62 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Процедурално има г-динот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Г-дине Јордановски, мислам дека можеби вие направивте превид во смисла на актуелните состојби во Република Македонија . Би било најлогично Предлог законот за управување со отпад да биде прва точка, а Предлогот на законот за територијална организација да биде точка 29. Сега е точка 16.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 82 пратеника, 23 за, нема воздржани, 59 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Повелете г-ѓо Којзеклиска ,имате предлог.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Сметам дека предлогот кој ќе ви го дадам сега е еден од издржаните предлози со кои барам предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата и предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, значи точка 13 и точка 14 од дневниот ред Владата да ги повлече со оглед на тоа дека тие не ја минаа матичната комисија за труд и социјална политика ниту во прва фаза, ниту во оваа фаза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на г-ѓа Којзеклиска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гласале 80 пратеници, 2 гласале за, воздржани нема, 60 гласале против.

Констатирам дека предлозите на госпоѓа Којзеклиска не се прифатени.

Господине Оровчанец имате Вие некој предлог?

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Да.

Со оглед на тоа што Владата констатира итност,јас мислам дека нешто не би требало е да го ставиме Предлог законот за изменвување и дополнување на Законто за социјална заштита како прва точка, бидејки социјалната состојба на луѓето , на 400 илјади невработени и т.н., е катастрафална. Според тоа на приоритетите во овие услови, би било вој закон, да го ставиме прв.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Оровчанец, да ви ја скратам маката, тој закон веќе беше на гласање и нема потреба да гласаме, затоа што мнозинството не можете да го разубедите за една секунда.

Господине Коце Трајановски, повелете, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, барам точките 1 и 2, да бидат точка 10 и 11 ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановски за тоа гласавме и предлогот не го прифаќам.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе за измена на дневниот ред е.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не. Гласавме за овие две точки и околу тоа гласањето е јасно.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, баравме да бидат последни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски за тие две точки гласавме и мнозинството се изјасни. Нема потреба сега повторно да гласаме.

Повелете госпоѓа Топузова имате процедурално.

ТОЗА ТОПУЗОВА-КАРОВСКА:

Почитуван претседателе, сакам само да ги потсетам пратениците, особено од опозицијата дека точката која тие ја изгласа за секое притискање на копчето да се добиваат сто денари , веќе не важи и не се применува, така што нема потреба од толку ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас мислам дека во оваа сала сите сме разумни луѓе, одговорни и да се воздржиме од било какви коментари.

Повелете г. Стојановски, имате процедурално, само тоа ви е последно процедурално, бидејки сите ваши процедурални јавувања сакам во еден настап да ги кажете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам г. претседателе.

Мојот предлог се однесува на првата точка од дневниот ред, на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во РМ.

Имавме предлог во ова Собрание таа точка да биде повлечена од дневен ред на денешната седница, меѓутоа тој не беше усвоен и со оглед на фактот дека има иницијатива на Светскиот макеоднски конгрес за собирање на потписи за референдум...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојаноски за овој предлог ние се изјаснивме и не можеме да го враќаме назад. Ве молам седнете си на своето место.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Не го предлагам тоа. Друго ми е предлогот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во врска со првата точка нема никакви предлози. Собранието за првата точка се изјасни.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Претседателе јас ви предлагам прво да одат законите кои се однесуваат на децентрализацијата, на суштинска децентрализација, а дури потоа да оди законот за територијална оргаизација, затоа што може до тој период да се соберат потребните потписи и да биде депласиран араспravата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По тоа прашање се изјаснивме г. Стојаноски.

Повелете г. Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, ако еден од основните критериуми врз основа на кој треба да се прави територијалната организација е финансискиот, предлагам пакетот на закони, како што е Предлог законот за финансирање на единиците на локална

самоуправа, значи точка 3, 4, 5 и 6, да не ги читам, треба да бидат точка 1, 2, 3 и 4 и потоа дури да расправаме за територијалната организација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

Бидејки точката 3 ја апсолвиравме, останувaат само точките 4, 5 и 6 да бидат изгласани по вашиот прелдог.

Го ставам предлогот на госпоѓа Бонева за точките 4, 5 и 6.

Ве молам да гласаме, кој е за предлогот.

Гласале 82 пратеници, 21 за, 1 воздржан, 60 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Повелете г. Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Јас би имал два предлога. Тоа е точка 25 од дневниот ред, Предлог на закон за градба и точка 27, Предлог на закон за просторно и урбанистичко планирање, уште во дневниот ред да бидат како нацрт закони, затоа што во текто на јавната расправа што ја имавме минатата недела, имаше нависитна голем број забелешки и наш став е дека тоа треба да оди како нацрт закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Балковски вас ви е јасно дека тоа моментално нема допирна точка со она за што сега ние расправаме. Кога ќе дојдат тие закони, може Владата да ги предложи, повлече...

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ставете го на гласање, затоа што тоа е став од официјалната расправа што беше.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборуваме за редоследот на дневниот ред, а не за точките.

Бидејки нема повеќе процедурално, завршуваме.

Дневниот ред е тој што го изгласавте.

Ќе ви биде поделен дополнително.

Повелете г. Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, барам пауза од половина час и да се симне излагањето на министерот за локална самоуправа,околу итноста, бидејки имаше и политички препораки како ние да се однесуваме при нашите говори, па не е лошо да го имаме тој текст.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејки стенографските белешки може да се симнат и за пократко, објавувам пауза од 15 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11, 00 часот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Исто така го молам и претставникот на Владата да влезе во салата.

**Минуваме на Првата точка од дневниот ред - Предлог на закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1 од Амандманот ХВИ на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2; член 12 точка 18, точка 55 и точка 75; член 17 став 2 и на член 18, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Ванчо Стаменков и Михајло Георгиевски поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а по точката 46; член 12 за додавање нова точка 26-а по точката 26 и на точка 34; член 10 под б) за додавање нова точка 58-а по точката 58; член 12 за додавање нова точка 47-а по точката 47 и на точка 34; член 10 под б) за додвање нова точка 58-б по точката 58 и на член 12 за додавање нова точка 49-а по точката 49 и на точка 34, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ванчо Стаменков, Марија Којзеклиска, Ристана Лалчевска, Михајло Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев и Љупчо Балковски поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 59-а по точката 59 и на член 12 за додавање нова точка 47-а по точката 47 и на точка 68, по кои Владата не се произнела;

Пратениците Цветле Јанеска и Нелко Стојановски поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање четири нови точки 38-а, 42-а, 53-а и 54-а по точките 38, 42, 53 и 54; член 12 за додавање четири нови точки 9-а, 18-а, 39-а и 40-а по точките 9, 18, 39 и 40; член 12 за менување на точката 62 и на член 16 за додавање нов став 2 по ставот 1 и за менување на ставот 2, по кои Владата не се произнела;

Пратеникот Лилјана Поповска поднесе амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 53-а по точката 53; член 12 за додавање нова точка 39-а по точката 39; член 12 точка 62; член 10 под б) за додавање нова точка 67-а по точката 67; член 12 точка 17; член 12 за додавање нова точка 66-а по точката 66; член 12 точка 55; член 10 под б) за додавање нова точка 63-а по точката 63; член 10 под в) за бришење на точка 77; член 12 за додавање нова точка 58-а по точката 58; член 12 под в) за бришење на точка 77; член 10 под б) за менување на точка 55; член 12 точка 41; член 12 точка 17 и на член 12 точка 41, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели поднесоа амандмани на член 10 за додавање нова точка 53-а по точката 53; член 12 за додавање нова точка 39-а по точката 39 и на точка 62; член 10 за додавање нова точка 46-а по точката 46; член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точките 23, 37 и 38 и на член 12 точка 38, 23 и 37, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Цветанка Гашоска поднесе амандмани на член 10 под б) точка 42, член 12 точка 18) и на член 12 на точка 18 и на точка 49, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Михајло Георгиевски поднесе амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 34-а по точката 34 и на член 12 за додавање нова точка 3-а по точката 3, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски и МихајлоГеоргиевски поднесоа амандмани на член 10- под б) за додавање нова точка 46-а поточката 46 и на член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точките 23 и 37 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски, Никола Груевски и Љупчо Балковски поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 67-а по точката 67; член 12 за додавање нова точка 66-а по точката 66 и на точка 53; член 10 под б) за додавање нова точка 38-а по точката 38; член 12 за додавање нова точка 11-а по точката 11 и на точката 53; член 12 точка 53 и на точка 37; член 10 под б) за бришење на точката 44 и на член 12 точка 53 и за бришење на точка 23; член 10 под б) за додавање нова точка 38-б по точката 38; член 12 за додавање нова точка 11-б по точка 11 и на точките 46 и 53; член 10 под б) за додавање нова точка 38-в по точката 38; член 12 за додавање нова точка 11-в по точката 11 и на точките 29, 46 и 53; член 10 под б) за додавање нова точка 63-а по точката 63 и на член12 за додавање нова точка 58-а по точката 58 и на точка 43, по кои Владата не се произнела. Пратениците Блаже Стојановски и Жарко Караџоски поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 46-б по точката 46 и на член 12 за додавање нова точка 25-б по точката 25 и на точките 23 и 37, по кои Владата не се произнела.

Пратениците  Силвана Бонева и Ѓорѓи Пажошковски поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 53-а поточката 53; член 12 за додавање нова точка 38-а по точката 38 и точка 63 од член 10 под б) за додавање нова точка 56-а по точката 56 и на член 12 за додавање нова точка 44-а по точката 44 и точкит е5, 47 и 63, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Коце Трајановски поднесе амандмани на член 12 под в) точка 73 и на точка 1; член 12 точка 28; член 10 под б) за додавање нова точка 40-а по точка 40; член 12 за додавање нова точка 13-а по точката 13 и на точка 28;  член 10 под б) за додавање нова точка 55-а по точка 55 и на член 12 за додавање нова точка 43-а по точката 43 и на точка 14 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Кенен Хасипи, Гајуп Сарач, Рафет Муминовиќ и Неждет Мустафа поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 56-а по точката 56, член 12 за додавање нова точка 45-а по точката 45, член 10 под б) за додавање нова точка 67-а по точката 67; член 12 за додавање нова точка 67-а по точката 67; член 12 за менување на точка 13; член 12, точка 17 и на член 12 точка 41, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Тасим Сулејмановски и Славе Арсовски поднесоа амандмани на член 10 под б) точка 55 и на член 12 точка 41 и на точка 17, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Драго Шајновски и Ристо Пејовски поднесоа амандмани на член 10 под б) точка 42; член 12 точка 8; член 12 за додавање нова точка 18-а по точката 18 и на точката 18 и 49, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Драго Шајновски, Ристо Пејовски, Никола Груевски и Љипчо Балковски поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 42-а по точката 42; член 12 за додавање нова точка 18-а по точката 18 и на точка 18; член 10 под б) за додавање нова точка 42-а по точката 42 и на член 12 за додавање нова точка 18-а по точката 18 и на точка 18, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Спиро Мавровски, Илија Србиновски, Никола Груевски и Љупчо Балковски поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 53-а по точка 53; член 12 за додавање нова точка 38-а по точката 38 и на точка 3; член 10 под б) за додавање нова точка 34-б по точката 34; член 12 за додавање нова точка 3-б по точката 3 ина то!Ѓчката 3; член 10 под б) за додавање нова точка 34-а по точката 34; член 12 за додавање нова точка 3-а по точката 3 и на точка 46; член 10 под б) за додавање нова точка 64-а по точката 64 и на член 12 за додавање нова точка 60-а по точката 60 и на точката 46, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ејуп Рустеми поднесе амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 70-а по точката 70 и на член 12 за додавање нова точка 69-а по точката 69 и на точка 66, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Рафет Муминовиќ поднесе амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а по точката 46; член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точките 23 и 38 и на член 10 под б) за додавање нвоа точка 46-а по точката 46, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ѓорѓи Трендафилов и Никола Груевски поднесоа амандман на член 10 под б) за додавање нова точка 51-а по точката 51; член 12 за додавање нова точка 32-а по точката 32 и на точката 29; член 10 под б) за додавање нова точка 1-а по точката 1; на член 12 за додавање нова точка 3-а по точката 3 и на точката 67, член 10 под а) за додавање нова точка 12-а по точката 12 и на член 12 за додавање нова точка 26-а по точката 26 и на точката 54 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓи трендафилов поднесе амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 47-а по точката 47, член 12 за додавање нова точка 27-а по точката 27 и на точката 67; член 10 под б) за додавање нова точка 58-а по точката 58 и на член 12 за додавање нова точка 47-а по точката 47 и на точката 68, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љиупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Ѓорѓиевски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓу Паљошковски, Ристо Пејовски, Блаже Стојановски, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Треднафилов, Слободан Чашуле и Драго Шајноски, поднесоа амандман на член 10 под б) точка 55 и на член 10 под б) за додавање нова точка 63-а по точката 63 и на член 12 точка 41, точка 15 за додавање нова точка 58-а по точката 58 и на точка 17, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Балковски, Никола Груевски, Михајло Ѓорѓиевски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејовски, Коце Трајановски, Слободан Чашуле и Сашко Кедев, поднесоа амандман за бришење на член 16 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Илија Србиновски и Никола Гуревски поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 42-а по точката 42 и на член 12 за додавање нова точка 21-а по точката 21 и на точка 44, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ѓорѓе Паљошковски и Никола Груевски поднесоа амандман на член 12 точка 47 и точка 63, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ганк Самоиловска-Цветанова и Никола Груевски поднесоа амандман на член 12 за менување на точка 9 и на член 12 точка 62, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Илија Китановски и Никола Груевски поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а по точката 46 и на член 12 за додавање нова точка 25-а по точката 25 и на точките 23, 37 и 38, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ефтим Манев и Никола Груевски поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 61-а по точката 61 и на член 12 за додавање нова точка 52-а по точката 52 и на точка 55, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Балковски поднесе амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 38-а по точката 38, за додавање нова точка 42-а по точката 42, за додавање нова точка 53-а по тпчката 53 и за додавање нова точка 54-а по точката 54 и на член 12 за додавање нова точка 10-а по точката 10, за додавање нова точка 18-а по точката 18, за додавање нова точка 39-а по точката 39, за додавање нова точка 40-а по точката 40 и на точка 62, по кои Владата не се произнела.

Пратениците чупчо Балковски, Никола Груевски, Михајло Ѓорѓиевски, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Коце Трајановски и Слободан Чашуле поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 47-а по точката 47 и на член

12 за додавање нова точка 26-а по точката 26 и на точка 50, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ристана Лалчевска, Драго Шајновски, Илија Китановски и Никола Груевски, поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 52-а по точката 52 и на член 12 за додавање нова точка 33-а по точката 33 и на точка 49, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Иван Стоиљковиќ поднесе амандман на член 12 точка 39 и на точка 61, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски и Љупчо Балковски поднесоа амандмани на член 10 под в) за бришење на точка 72 и на член 12 под в) за бришење на точка 72 и за менување на точка 79, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓи Оровчанец поднесе амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 67-а по точката 67, член 12 за додавање нова точка 66-а по точката 66 и на точка 17 член 12 точла 15 и на член 12 точка 41, член 10 под б) за додавање нова точка 63-а по точката 63, член 12 за додавање нова точка 58-а по точката 58 и на точка 41 член 10 под а) за додавање нова точка 30 и по точката 30 и за бришење на точките 4,9,12,13,21,25 и 31 под а) и за бришење на точките 39, 44, 45, 55 и 61 под б) член 12 за додавање нова точка 63-а по точката 63; член 12 за додавање нова точка 58-а по точката 58 и на точка 41 член 10 под а) за додавање нова точка 30-а по точката 30 и за бришење на точките 4,9,12,13,21,25 и 31 под а) и за бришење на точките 39, 44, 45, 55 и 61 подб); член 12 за додавање нова точка 63-а по точката 63 и на член 12 за бришење на точките 7, 12, 17, 20, 21, 23, 29, 41, 43, 52, 53 и 63, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани на член 12 за менување на точка 66; член 10 под б) за додавање нова точка 70-а по точката 70; член 12 за додавање нова точка 69-а по точката 69 и на член 12 точка 66; член 10 под б) за додавање нова точка 41-а по точката 41; член 12 за додавање нова точка 14-а по точката 14 и на член 12 точка 66; член 10 под б) за додавање нова точка 70-а по точката 70 и на член 12 за додавање нова точка 69-а по точката 69 и на член 12 точка 66, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ристана Лалчевска поднесе амандмани на член 12 точка 71; член 12 за додавање нова точка 74-а по точката 74; член 10 за додавање нова точка 73-а по точката 73; член 12 точка 76; член 10 потточка б) член 12; за менување на точките 6, 25, 28 и 30 и на член 12 точка 66, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева и Блаже Стојановски поднесова амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 46-а по точката 46 и на член 12 за додавање ноа точка 25-а по точката 25 и на точките 23, 37 и 38, по кои В
ладата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски и Љупчо Балковски поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 51-а по точката 51; член 12 за додавање нова точка 32-а по точката 32 и на точките 61 и 39; член 10 под б) за додавање нова точка 58-а по точката 58 и на член 12 за додавање нова точка 47-а и на  точката 39, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Груевски поднесе амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 50-а по точката 50 и на член 12 за додавање нова точка 32-а по точката 32 и на член 12 под в) точка 77, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Ѓорѓиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Паљошковски, Ристо Пејовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајноски и Ристана Лалчевска поднесоа амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 38-а по точката 38, за додавање нова точка 42-а по точката 42, за додавање нова точка 53-а по точката 53 и за додавање нова точка 54-а по точката 54-а; член 12 за додавање нова точка 10-а по точката 10, за додавање нова точка 18-а по точката 18, за додавање нова точка 39-а по точката 39, за додавање нова точка 40-а по точката 40 и на точката 62; член 10 под б) за додавање нова точка 63-а по точката 63 и на член 10 под в) за бришење на точката 77 и на член 12 за додавање нова точка 58-а по точката 58 и на член 12 под в) за бришење на точката 77, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски, Спиро Мавровски и Илија Китановски поднесоа  амандмани на член 10 под б) за додавање нова точка 64-а по точката 64 и на член 12 за додавање нова точка 60-а по точката 60 и на точка 21, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б).

Повелете господине Караџоски имате процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе,

Пред да отворите претрес по амандманот, јас би сакал деловнички да интервенирам.

Имено, за што се работи. Во членот 160 до членот 172 во Деловникот е предвидена постапка по Предлог на закон, како треба да се одвива таа постапка, а во членот 162 претседателе, стои следното: "На седницата на Собранието се води претрес по текстот на Предлогот на законот". Тоа е став 1.

Став 2 вели: "Во текот на претресот по текстот на Предлогот на законот се одлучува и за амандмани".

Ние овде подолго време претседателе, го нарушуваме Деловникот, или директно членот 162, затоа што веднаш почнуваме со расправа по амандманите, без да отвориме претрес по текстот на законот.

За да ја надминеме таа дилема, затоа што знам што ќе ми образложите, јас предлагам Комисијата за деловнички прашања да заседава, да даде толкување како треба да работиме во иднина и сега, за да не ни се случува директна повреда на членот 162. А за тоа време да ја прекинеме седницата се додека Комисијата зазеде став. Инаку вака ќе сметаме дека ја прекршуваме процедурата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, ова е пракса која што веќе ние ја практикуваме наназад, според тоа не сакам да коментирам за вашето право, вие имате право во секое време, но би било коректно тоа да го направевте и по други закони кои што ги поминавме во текот на една година.

Ве молам господине Замир Дика имате процедурално.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседател сакам, доколку има разбирање и доколку ми дозволите да го изразам ставот на ДПА за целиот овој театар што се случува. Ние како пратеничка група...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе има општ претрес по текстот на законот, кога ќе ги поминеме амандманите и вие тогаш можете да го изразите својот став во врска со овој закон. Зега имаме амандманска расправа. Ако најдете потреба или блискост со тоа што сакате да го кажете, никој нема да ви пречи да се јавите.

ЗАМИР ДИКА:

Добро господине претседател во 14 часот на прес конференцијата во Тетово ние ќе го искажеме нашиот став, бидејќи овој театар што се случува овде навистина е таков.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Лалчевска имате процедурално.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе, колеги пратеници, со оглед на тоа дека овој закон се разгледува по барање на Владата под итна постапка, значи во многу куси рокови...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По скратена постапка госпоѓо Лалчевска.

Ги имавте сите рокови на време.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Јас знам дека ги имавме сите рокови на време господине претседателе, меѓутоа, со оглед на фактот дека се поднесени голем број на амандмани по овој закон, кои ни се доставени непосредно пред почнување на седницата, така да пратениците немаа можност да ги усогласат со сценариото по кое ќе работиме, јас предлагам да ни се достави листа како ќе оди амандманската расправа, за да би можеле пратениците да ја следат амандманската расправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Лалчевска сите сме овдека професионалци. Ако јас треба да седам овде 8 часа, претпоставувам дека и вие можете да седите 8 часа. Овдека е амандманот кој што вие сте го предложиле и кој што некој друг го предложил ќе го чуете и ќе биде. Ниеден амандман не е пропуштен.

Повелете господине Коце Трајановски имате процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, мојата процедурална забелешка е скоро слична со на госпоѓата Ристана Лалчевска. Јас се потрудив да направам список на сите амандмани што ми беа приложени и сметав дека ќе одиме по времето како се

доставувани во Собранието, меѓутоа, во едно 30% од тие амандмани има рипање на редоследот, така да ние сега како пратеници не можеме да го пратиме текот на амандманите.

Затоа би апелирал да направиме пауза да ни го дадете сценариото кога ќе го правите за оваа седница. Мислам дека ние сега и во иднина на пратеничките групи треба да го давата сценариото, ако не ден пред тоа, барем на почетокот на самата седница, со оглед на тоа што има 160 амандмани, да знаеме кој амандман кога ние треба да бидеме подготвени. Вака во тие 160 амандмани, со оглед на тоа што сме предлагачи и повеќе пратеници на еден амандман ќе се измешаме и нема да биде квалитетна расправата. Сметам дека заслужуваме да знаеме какво ќе биде сценариото. А вие го имате тоа сценарио, само треба да ни го ископирате и да ни го дадете. Ние соодветно на тоа да се држиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце Трајановски веќе одговорив. Во Деловникот не постои дека во сценариото мора да биде дистрибуирано кај пратениците. Амандманите се сите тука, ништо не е пропуштено. Би сакал да чујам забелешка дали нечиј амандман е пропуштен. Сите имавме време онолку колку што во роковите е дадено, а вие бидете присутни во салата и ќе го чуете амандманот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Се извинувам, не се доискажав. Ако е така господине претседателе, во тој случај барам сега ова што го говоревте, што ги читавте сите амандмани да направиме пауза да ни го дадете текстот, за да можеме ние да се снајдеме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Груевски, имате процедурално.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас исто така се придружувам на ова барање на господинот Коце Трајановски. Ова е навистина една некоректна состојба од ваша страна, како да сакате пратениците да се збунуваат, да грешат побрзо да ги поминете амандманит. И во една таква забуна на некој начин да го протуркате овој закон. Тоа не е добро. Тоа е

дел од таа нетранспарентност за која што се зборува во јавноста и тоа целата работа ќе ја однесе во уште полоша насока отколку што е сега. Тоа е првата работа.

Втората работа е поврзана со дискусијата на господинот Жарко Караџоски, кој што ви го прочита членот 162, според кој што треба прво да се оди на расправа и вашиот одговор господине претседателе не можам да си поверувам дека го имаме пред нас. Вие велите и до сега сме грешеле, па зошто и од сега натаму да не грешиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Груевски немојте да ги извртувате зборовите. Јас жалам што вие не бевте присутни доста често во Собранието. Јас реков дека праксата досега беше таква и никогаш немало забелешка од страна на опозицијата. Во прашање е етичкиот аспект на работење.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Ве молам, дозволете ми да завршам. Значи илегува ако  три пати некој направил прекршок и отишол во едносмерна улица, четвртиот пат кога ќе го фати полицаецот треба да каже јас веќе три пати си правам, зошто не и денеска и понатаму. Денеска е констатирано дека се правело грешка и таа грешка да не се повторува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Даневски имате процедурално, 3 минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри,

Знаеме дека Законот се носи во скратена постапка и сигурно дека е направена техничка грешка, амандманот  е направен, се работи за амандман кој не го прочитавте и не е дистрибуиран до пратениците, станува збор за членот 53-а, општина Лозово со седиште во село Лозово.

Од технички причини вчера не успеала стручната служба да го дистрибуира, па јас би ве замолил овој амандман, бидејќи имаме 150-180 амандмани да се дистрибуира. Знам дека ќе ми одговорите дека помината е процедурата, роковите се поминати, но и ние неможеме да ве сватиме вас, вие предложивте точка на дневен ред за истата да се гласа. Тоа е ноторна глупост, ама ете гласаа пратениците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине, ако е пропуштен амандманот а доставен на време, таа грешка ќе се искорегира, но претпоставувам дека не е доставен на време, можеби затоа не е дистрибуиран.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Неможе сега?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Видете, 24 часа пред почетокот на седницата се доставуваат амандманите, девет дена имаше време да се достават амандманите.

Повелете господине Караџоски, што е сега?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ќе ви кажам.

Претседателе, јас повторно се повикувам на члено 162. Тоа што било пракса е пракса, меѓутоа, одредба во деловник е исклучива праксата кога е многу јасна.

За да не се надмудруваме јас и вие кој е во право, правниците тоа многу добро го знаат што е посилно пракса или одредба од Деловник или закон.

Претседателе, барам поддршка од 10 пратеници овој мој предлог да го ставите на гласање, а не да одлучувате вие.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кој предлог?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Предлогот да се свика Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате десет пратеника? (Има)

Предлогот на господинот Караџоски го ставам на гласање да се свика Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања во врска со толкување на членот 162.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници од кои 21 за предлогот, нема воздржан, 51 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б, за додавање нова точка 1-а (од опозицијата бараат процедурално).

Се извинувам господине Груевски, не можеме безконечно процедурални прашања. Еднаш ако мислите формулирајте ги сите ваши забелешки во едно процедурално. Барем тоа имам право по деловникот.

Повелете имате процедурално.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Господине претседателе, тоа што се изгласа сега апсолутно не ви е оправдување да не го почитувате Деловникот. Вие сте одговорни за Деловникот и вие треба да го почитувате тоа што го имаме усвоено..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Груевски, интерпелацијата која што ми ја повлековте можете да ја активирате.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 10 под б за додавање нова точка 1-а по точка 1, поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендафилов и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

(Негодување од страна на опозицијата).

Ве молам слушајте, немојте своја констатација.

Отворам претрес по амандманот ..

(Господинот Никола Груевски застана пред претседателот. )

(Галама во салата).

По Деловникот немам право да ви  дадам листа. Слушајте го амандманот.

Ќе ви го прочитам уште еднаш.

Не сум должен тоа да ви го дадам.

(Претседателот му вели на господинот Груевски да си оди на своето место).

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б, за додавање нова точка 1-а, по точката 1, поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендафилов и Никола Груевски.

Ако не ги знаете амандманите..

(Галама  во салата.)

Ако не ги познавате своите амандмани што сте ги поднеле, тогаш незнам кој ги поднесувал.

Требаше да се подготвите господа.

Најдете го амандманот, еве давам минута да го најдете амандманот, амандманот е од страна на..

(Пратеникот Коце Трајановски бара процедурално, галама во салата).

(Господинот Даневски од место реагира.)

Вие господине Даневски не си ги знаете своите амандмани?

(Претседателот се консултира со господине Ќуркчиев).

Објавувам пауза од 15 минути, ги молам координаторите да се договориме.

(Пауза од 11,35 до 11,55 часот)

(По паузата)

Бидејќи за ова не ни треба кворум, само сакам да ги информирам пратениците дека по координацијата со координаторите на пратеничките групи се договоривме службите да изготват листа на редоследот на амандманите како што се по сценариото да се подели на пратениците, оние што мислат дека им е потребно, за да можат да ги најдат тие амандмани и да знаат кога се нивни амандмани на ред.

Бидејќи ни треба поголем временски период, објавувам прекин на седницата, седницата ќе ја продолжиме во 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 14,00 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Пред да почнеме со расправа по амандманите, во меѓувреме пратениците Коце Трајановски и Љупчо Балковски, ги повлекоа амандманите на член 10 под б), за додавање нова точка 51-а по точката 51; член 12 за додавање нова точка 32-а по точката 32; на точките 61 и 39; на член 10 под б) за додавање нова точка 58-а по точката 58 и на член 12 за додавање на нова точка 47-а по точката 47 и на точката 39.

Овие амандмани се повлечени.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 1-а по точката 1, поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендафилов и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Бидејќи почитуваните пратеници бараат да се воспостави нова општина Богомила која е во состав на општината Чашка заедно со Извор. Општината

Богомила има 1252 жители вкупно население, нема финансиски капацитети, нема административни капацитети, нејзиниот буџет изнесува 5-6 илјади евра годишно и врз основа на новите надлежности не би можела, по сознанијата, да функционира како самостојна општина. Сигурно граѓаните во склоп на Чашка ќе ги остваруваат своите права и досегашните административни функции ќе останат во досегашната општина Богомила.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Пред да дадам збор, сакам само да ве известам дека ова се првите 66 амандмани, во текот на расправата ќе го добиете и другиот редослед, инаку ќе работиме до 17,00 часот така што ова е доволен број амандмани за да можете да ги следите.

Кој бара збор во врска со амандманот.

Повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сакам да го исправам министерот за локална самоуправа господинот Гештаковски дека јас со овој амандман не барам да се воспостави односно формира нова општина, туку барам да остане општината така како што е формулирана со Законот за територијална организација во Република Македонија од 1996 година и да го потсетам министерот за локална самоуправа дека тогаш истиот тој како член на овој законодавен дом го поддржуваше предлогот општина Богомила да биде самостојна општина.

Нејзиното припојување кон општина Чашка можеби навидум има некаква логика со оглед на бројките кои ги кажуваше господинот Гештаковски, бројноста на населението, инфраструктурата, но би сакал да му обрнам внимание дека во периодот 1996-2002 година општина Богомила, без оглед на бројноста на населението, на нејзината финансиска состојба дали е издржлива или не, таа сепак има напредок во поглед на инфраструктурата со се она што подразбира инфераструктура, би сакал да го потсетам господинот Гештаковски дека и во поглед на здравствените услуги и во поглед на образоните услуги со постоење на училишен интернат за деца до осмо одделение кој е лоциран токму во училиштето на општина Богомила значи во населеното место Богомила, своите можности за школување на релативно блиска дистанцал од домовите на населените села во непосредна близина на населбаа Богомила го остваруваат повеќе деца и се забележува дека и

во последните 2-3 години, со оглед на ситуацијата пред се во економски поглед во Република Македонија  општината Богомила заживува затоа што се враќаат добар дел од нејзините жители кои се родени таму, а кои поради природата на нивните обврски во изминатите години живееле на друго место.

Исто така би сакал да го потсетам господинот Гештаковски дека не е прв пат со Законот за територијална поделба од 1996 година Богомила да биде формирана како општина и ако не повеќе, барем еден пратеник се придружил со писмо и го поддржал мојот амандман општина Богомила да остане во своите сегашни граници затоа што нејзиното издвојување односно припојување кон новоформирана општина Чашка се сосема поинакви граници на нејзината територија, за тоа би говорел нешто подоцна кога ќе дојдат другите амандмани предложени од наша страна завлегува во одредени принципи кои немаат никаква смисла со децентрализацијата, нешто што постојано господинот Гештаковски или некој друг претставник на Владата се повикува пред јавноста дека основната намена на Законот за територијална поделба на Република Македонија  е мотивирана од исклучиви политики мотиви кои треба да ја доближат локалната власт односно функционирањето на власта и остварување на правата како граѓани на што е можно поблиско ниво до граѓанинот на Република Македонија.

Апсолутно со укинувањето на општина Богомила, за жал господинот Гештаковски не прави ништо друго туку го потврдува оној многупати досега во овие три-четири дена фален коментарот Фејнејшел Тајмс дека македонците и албанците ја поделиле територијата на Република Македонија .

Затоа, ако кај господинот Гештаковски нема слух за ова јас што го зборувам, а гледам еден пратениик се придружил кон амандманот за тоа општина Богомила да остане да егзистира како самостојна општина затоа би сакал да им обрнам внимание на другите пратеници, пред се на оние пратеници кои, како што сме известени од средствата за јавно информирање имаат полно право да размислуваат по сооствеба волја, доколку такви има во оваа сала, подобро не само за општина Богомила, туку и за другин општини кои со предложениот закон за територијална поделба треба да престанат да егзистираат, дека не може едноставно да се крои судбината на луѓето и не може така едноставно со законско дотерување така како што 3-4 луѓе во владината коалиција мислат дека треба да биде нивната егзистенција и нивното чувство дека тие во иднина нема да можат на таков начин како што тие мислат  дека во овој момент, значи на квлитетен начин ги остваруваат своите права.

Да бе зборувам за конкретната географска местопложба на општината Богомила, на природните ресурси, инфраструктурата која е развиена за овие 8 години, за можностите што ги дава регинот на општина Богомила, и уште еднаш сакам да истгакнам дека во општина Богомила се сконцентрирани единствените блиски за населените места и за нејзината околина образовни и здравствени услуги.

Затоа неможам да прифатам, а не слушнав посериозно тврдење од министерот за локална самоуправа, господинот Гештаковски зошто не се прифаќа постоењето на општина Богомила затоа што тој учествуваше во 1996 година и тогаш се тврдеше дека општина Богомила ќе ги остварува сите функции.

На крајот на краиштата ако сакаме барем привидно да докажеме дека зборуваме за децентрализација, тогаш апсолутно не треба да се држиме за бројот дали се 2.000, 2.600 или 5.000 или 1995 жители на општината, битно е да им овозможиме на луѓето да се чувствуваат дека нешто контрлираат во поглед на практицирањето на власта од институциите на Република Македонија.

Тие сметаат дека на овој начин на кој се сега тие структурирани со сите населени места кои гравитираат околу општина Богомила, а веќе до 1996-та го имаат искуството како е да бидат во рамките на друга општина, тогаш беа во рамките на општина Велес.

Постарите жители во таа општина се сеќаваат како ги остварувале своите права и како комуницирале со органите на Република Македонија во времето кога биле самостојна општина, и тие се укинати, претпоставувам со законот некаде во 1960-тите години. Значи, општина Богомила ги има на располагање и доволен капацитет од човечки ресурси, инфраструктура, тоа досега е покажано, тој што ги посетил може да види, и имаат можности за развој на приватнат иницијатива, пред се во поглед на земјоделтвото и тоа го докажале со формирањето на неколку фирми кои се занимаваат со производство, откуп, или трговија на земјоделски производи, дека таа општина може да функционира самостојно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодсарам.

Г-дине Китановски, вие сте пријавени.

Повелете, а потоа нека се подготви пратеникот Марија Којзеклиска.

ИЛИЈА КИТАНОВКСИ:

Благодрам.

Јас, во насока на поддршка на амандманот на колегата Трендафилов, би сакал да кажам неколку работи кои што одаст во прилог на поддршка на овој амандман, а тоа е пред се ставот на ВМРО-ДПМНЕ дека овој закон за територијална поделба апсолутно не треба и не смее да се донесе затоа што е страмен закон кој што ја дели територијата на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за амандманот г-дине Китановкси.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

За амандманот зборувам г-дине претседателе и образложувам зошто ќе го поддрчам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа ќе го кажувате во општата расправа по текстот.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Оразложувам зошто ќе го поддржам амандманот. Значи, поддршката се заснова токму на ставот на ВМРО-ДПМНЕ дека овој страменн закон треба да се повлече од процедура односно да не се донесе, но бидејќи веќе е ставен на дневен ред и тоа од почеток со амандманска расправа, ВМРО ДПМНЕ поднесе амандмани буквално за сите општини кои што се укинуваат со оваа нова територијална поделба и за секоја од нив како што кажа и претходниот дискутант постојат, навистина цврсти економски, географски, социјални и секакви други финансиски аргументи за нивно опстојување, како за општина Богомила така и за сите останати кои што со овој закон се укинуваат.

Другата причина поради која што навистина заслужува поддршка овој амандман и сите останати амандмани ќе повторам тоа што навистина во овој Предлог закон вклучително значи и решението кое што се нуди за општина Богомила, односно нели на укинување, е најглавниот принцип или аргумент, или критериум, од кој што се раководела Владата или владината коалиција е етничкиот принцип, кој што на останатите. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Китановски, по втор пат ве опоменувам да зборите како г-динот Трендафилов  конкретно за амандманот во врска со општина Богомила.

Господине Китановски, ве молам, ве молам,

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Г-дине претседателе, зборувам. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, г-дине Китановски, ќе имаме општа расправа по текстот и нема никој тука да ви пречи, кои се интенциите и намерите на актуелната власт или на вашата партија. Ве молам, зборувајте конкретно за амандманот и ништоповеќе од тоа. Зошто сметате дека општина Богомила треба да остане.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Токму за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не вие зборувате сосема за друго. Ова е втор пат, ве опоменувам.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Г-дине претседателе, вашето лично мислење и став за тоа дали мојата дискусија е во насока на одбрана на аргументите за амандманот и е ирелевантно. И ве молам и вие држте се до она што е во Деловникот, а тоа е дека пратеникот има право да го искаже својот став и аргументите.. .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас кога ќе ви го одземам зборот нема да биде ирелевантно.

Повелете продолжете.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Можете да ми го одземете мене зборот, меѓутоа на народот тешко дека ќе можете да му го одземете зборот и во таа насока е и оваа дискусија и веројатно ако кажам еден или два збора ќе ми го одземете зборот, ќе ја привршам дискусијата. Поддршка на овој амандман и уште едно образложение, останувaме со поддршка, прво со поднесување на сите овие амандмани, а потоа со подршка на нив, за да се зачува досегашната територијална организација на Република Македонија на локалната самоуправа на Република Македонија а да не се прифати овој страмен предлог за територијална поделба на Република Македонија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Повелете г-дине Коце Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Би сакал да се приклучам за дискусијата околу опстојување на постојната општина Богомила.

Би сакал да потенцирам дека Богомила како населено место и као центар на општина Богомила е повеќе векови центар на селата од Азот. Како централна населба и општински центар поврзан е со асфалтски патишта со селата Оршје, Папрадиште, Бистрица, Цогле, Теово, Оморане и Марковци. Азот како подрачје пртставува географско демографска, економска и етнокултурна целина со Богомила како општински центар. Азотот покрај тоа располага со богати ресурси кои ќе овозможат за непречено финансирање и опстојување на општината Бгомила. Значи ако и се дозволи на ова општина да ги користи овие природни ресурси. Би сакал да напоменам исто така, дека оваа општина е за прв пат формирана уште во времето на Турско. Значи, после тоа и предвоена Југославија била општина и исто така и нејзиното опстојувње од 1996 па до денеска, зборува многу за напредокот на општина Богомила како самостојна општина во рамките на Република Македонија.

Би сакал да потенцирам од рсурсите кои што постојат во општина Богомила и кои што ќе значат нејзино опстојување и кои што недвосмислено ќе покажат дека општина Богомила може да биде самостојна општина и да опстојува независно како и многу други општини во Република Македонија, т.е. сакам да потенцирам дека воопшто не држат аргументите дека оваа општина треба да се припои кон општина Чашка и со тоа сметам дека ќе се направи една голема неправда на населението одо овој регион.

Имено, општина Богомила има здравствена установа, со општа лекарска пракса, стоматологија и акушерство, пошта со моторна автоматска централа, сопствен водовод изграден пред 10-тина години, основно училиште со капацитет од 620 ученици, што не е малку, со можност за интернатско смествување за учениците од околните села, полициска станица исто така има со сопствени средства 1950 година изградено и хидроелектрана.

Особено сакам да потенцирам, дека во последните 3-4 години од постоењето на оваа општина како самостојно општина реализирани се следните проекти. Изградена е временска депонија во Богомила, обезбедени се возила од Јавното комунално претпријатие за изнесување на сметот, чистење на коритото на реката Сушица, асвалтирање на улиците низ Богомила, асвалтирање на локални патишта во должина од неколку километри, санации и реконструкции на културниот дом, изградба на водовод за село Папрадиште и село Лежилово, санација на водовод во

село Бистрица, интервенција на локалните патишта на селата кои што потпаѓаат по постојната општина Богомила и доградба на генерална каналилзација за село Теово.

Општината Богомила располага со живописни предели, изванредно поднебје, благи земји, исто така како што можат предли и води кои можат да се користат за акумулации. Вештачки езера, базени и слично. Општина Богомила исто така сакам да потенцирам дека има огромни шумски простори и богата флора и фауна и богати пасишта, сето тоа е еден предуслов за интензивен развој на општина Богомила, и тоа ќе може да и се овозможи единствено доколку оваа општина остане во постојните граници и во постојната карта или списокот на општини во Република Македонија.

Исто така од од извонредно значење што располага со мермерни наслаги за кварц варовник и друго кои што меѓувреме веќе има отворено неколку фирми кои што се бават со експлоатација на овие природни богатства и сметам дека со нивното отворање во општина Богомила се создаваат многу нормални услови, многу природни услови за да оваа општина со овие стопански објекти нормално егзистира како самостојна општина.

Исто така, да не зборувам дека има добри услови за развој на земјоделство, сточарство и туризам. Со припојувањето кон општина Чашка сметам дека се создава една вештачка општина со доминантно албанско население што единствено ќе значи дека единствен критериум при расформирање или укинување на оваа општина која е навистина од големо значење за Република Македонија, бидејќи се наоѓа некаде и во центарот на нашата држава, а како што кажав и повеќе од 100 години постои оваа самостојна општина ќе биде голема неправда кон населението од тој дел, а сметам дека ги има и далекусежни последици за развојот на Република Македонија.

Поради сето тоа сметам и апелирам уште еднаш до пратениците од позицијата или пак до предлагачите на овој закон да го усвојат овој амандман со што општина Богомила ќе опстане како посебна општина, ќе продолжи да инвестира, значи од 1996 па наваму доколку што инвестира во поновиот пеирод и сметам дека со тоа ќе се направи добро не само на граѓаните и населението од овој дел на Република Македонија туку сметам дека и општо добро за државата Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодара, г-дине Трајановски. Дозволете само да ве потсетам, како конструктивен пример како се дискутира по конкретниов амандман.

Господине Трендафилов, имате додатни аргументи? Повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сакам да истакнам дека пред се, на моите колеги, на мојот колега Трајановски и г-динот Китановски. Едноставно општината Богомила не се припојува кон општина Чашка. Напротив, за оваа квилибристика која е пред нас, барем во овој дел во членот 10 точка б. од Законот за територијална организација на Република Македонија практично предлагачот ги менува или ги укинува сега постоечките општини Богомила Чашка и Извор, а на сега сеуште постоечката општина Велес, им ги менува границите. Значи, се расправаме ние тука со четири локални средини, три ги укинуваме на четвртата и ја променуваме границата се со една единствена цел како да направиме одредена етничка група која е малцинска група, да ја собереме на еден куп и таа да дојде над 25%. На овој начин предлагачот доаѓа до една бројка од околу  30% и е крајно нефкусно барем мене да ми се обраќа со тоа дека таму живееле незнам 2000 луѓе, или колку луѓе живееле тоа апсолутно нема никаква врска.

Сакав да потсетам дека во границите на општина Богомила во селото Папрадиште мене ми е кристално јасно колку луѓе живеат сега таму, исто како што ми е кристално јасно дека во селото Папрадиште без оглед колку луѓе живеат, да потсетам селото Папрадиште има нормален, квалитетен, асвалтиран пат со неговиот општински центар а тоа е Богомила. Во селото Папрадиште се наоѓа едно прекрасно здание од Андреа Дамјанов кое е во вистинска смисла на зборот е пресликан Соборниот Храм, направен во Велес. Истиот тој Андреј Дамјанов, Свети Пантелејмон. Истата црква  во помали размери направена е во првата половина од 19-век, се наоѓа таму. Дали во Папрадиште живеат 10 луѓе, живет илјада луѓе, апсолутно е ирелевантно, затоа што можете кога сакате да го посетите објектот, и да видите дека објектот се наоѓа од далеку попрекрасна, посолидна ситуација отколку што се наоѓа Соборниот храм. А да ве потсетам дека Велес како седиште на Повардарската епархија, престолен град. Знчи објектот православниот храм во селото Папрадиште без оглед колку луѓе живеат во Папрадиште е далеку позачуван отколку Соборниот храм во самиот столичен град во чија епархија се наѓа и Папрадиште.

Да не ги спомнува, Нежилово и неговите прекрасни можности, за развој на приватното стопанство за што впрочем последниве 7-8 години има доволно показатели, практично од ништо во непосредната околина на Нежилово кое се наоѓа релативно блиску до општинскиот центар, има направено пркрасен рибник кој единствено во овој реон од Република Македонија внимава да ја негува традицијата на одгледување, значи се занимава со одгледуање на пастрмка, од водите на реката Бабуна.

И, никакви аргументи, ниту мене, уште помалку жителите кои живеат и во Богомила и во населените места чиј општински центар е Богомила, нема да бидат убедени дека предлагачот, односно г-дино Гештаковски, има некакви визии за тоа дека општината Богомила и жителите ќе живеат подобро и ќе имаат подобра комуникација ако нивната општина се укине.

Да ве потсетам уште еднаш дека нестанува збор за едноставно приклучување на општина Богомила  и населените места кон општина Чашка, туку станува збор за укинување, односно прекројување на четири општини, три од нив се укинуваат, на четвртата и се менува границата, се со единствена цел да се направи еден, би рекол алхемиски експеримент како Владата да изнајде едно малцинство во Република Македонија, Југозападно од Велес, во Центарот на Република Македонија да добие квота до 25%, што е апсолутно неприфатливо.

Јас сум убеден дека жителите и во Богомила и во Извор и во Велес, без оглед дали живеат во Велес, во приградските населби, или селските населби кои сега ќе бидат со овој предлог, се обидуваат да бидат тргнти од градот или станува збор за општините Богомила, Чашка и Извор бидат укинати, дека нема да се подобри квалитетот. Сите овие населени места кои овде можеме да ги читаме со денови не живееја подобро кога беа, нивниот општински центар се наоѓаше во Велес. Самите жители, апсолутно не станува збор, дали се припадници на една или на друга политичка опција, незнам дали се крстат на десна страна или на лева страна, самите жители тоа го кажуваат дека сега можат подобро да ги остваруваат своите права.Затоа што за една обична дозвола нема потреба да се оди во Велес, тоа може да си го заврши или во сопственото место, на живеење или во општинскиот центар кој не е повеќе од 7-10 километри далеку од неговиот дом.

Тврдењата дека општината ќе пропадне или било што би ги прифатил или полемизирал можеби и за тоа. Но ако станувaше за една општина, но не може да се прекројуваат четири општини за да се направи еден алхемиски експеримент да се

дојде до до еден алхемиски резултат некој да има над 25%, затоа што следувале незнам какви права, или не следувале какви права.

Апсолутно не е прифатливо. Вие да менувате граници на четири општини и пред тоа да тврдите дека единствен критериум бил чувството и остварувањето на индивидуалните граѓански права остварување на непосредна контрола на властите и не водењето сметка кој за какви услуги плаќа, апсолутно е неприфатливо.

Тука, пред се уште еднаш сакам да се обратам пред пратениците. Станува збор за голема област по територија, станува збор за област која не е значајна само за пошироката околина на градот Велес, туку е значајна воопшто за Република Македонија, ако не по друго, затоа што таму сеуште овие три општини се обидуваат да водат сметка и повеќе или подобро успешно тие водат сметка и сеуште го зачувуваат, пред се, шумскиот фонд. Не сме изложени на слики што сме ги гледале во други региони во Република Македонија, каде што Фондот на шумите исчезнува за 24 часа. Сакам да сфатат колегите дека, сепак, постои некаков ред, дека сепак постојат закони, дека луѓето се грижат за местото во кое живеат, го унапредуваат и се обидуваат преку приватна иницијатива, преку земјоделство да го унапредат и сопствениот живот и животот на своите семејства. Апсолутно не станува збор за ништо друго, освен за тоа дека треба да им дадеме можност на луѓето да ги остваруваат своите права на начин, како мислат дека тие можат подобро да ги остваруваат, ако притоа ги почитуваат позитивните законски прописи на Република Македонија, што е факт дека тие тоа го прават. Во многу случаеви се појавувале, во периодот пред 1996 година, не постоеше посериозна шумска контрола на тоа кога се случуваат пожарите.

Се сеќавате дека во текот на 2000-та година, токму овие општини ги дадоа првите допроволци за гаснење на шумските пожари во подножјето и во околината на Бабуна. Не одеа велешани да ги гаснат пожарите, туку луѓето се организираа врз принципот, пред се на солидарност, затоа што тие таму живеат. Тие најдобро ги знаат своите причини, мотиви и потреби. Јас тоа добро го знам, а уште помалку го знаат и другите.

Затоа, уште еднаш би сакал да истакнам, станува збор за по неколку основи за сериозно прашање и, не навлегувајќи во било какви географски прашања, демографски прашања, политички прашања, економски прашања, сакам да го истакнам фактот дека предлагачот на овој законски проект менува граници на четири општини, со тоа што три укинува, на една и одзема две населени места, само со една и единствена цел - одредена малцинска заедница, етничка заедница, во

Република Македонија да и даде некаква квота од 25%, затоа што таа тогаш би била посреќна, попаметна, поинтелигентна, би имала повеќе шанси да просперира, а тоа нешто сега, демек, ние со законот, како што функционираат овие четири општини, според Законот од 1996 година не можат да го остваруваат и тие се чувстсвуваат понеинтелигентни, немаат еднакви шанси за просперитет и за развој.

Затоа, уште еднаш би истакнал дека станува збор за сериозно прашање, а Владата, за жал или г-динот Гештаковски, можеше барем да се обиде да биде малку посериозен или да се обиде да не убеди дека предлогот на Владата на Република Македонија има зошто да помине. Но, тој, за жал, едноставно кажа колку луѓе живееле некаде и тоа беше неговото излагање.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 20 гласале за амандманот, 1 воздржан и 52 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под а) зачлен 10 под а) за додавање нова точка 30-а по точката 30 и за бришење на точките 4, 9, 12, 13, 21, 25 и 31 под а) и за бришење на точките 39, 44, 45, 55 и 61 под б), поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Станува збор за еден несериозен амандман, мислев од сериозен човек и од сериозен пратеник.

Најдобро тука да застанам, бидејќи ваков амандман со кој се предлага општина Струмичко-Прилепско-Дебарска, ќе ги објасни сигурно мотивите и целите,

иднината на Македонија и неговата лична иднина, како човек, пратеник, како што во една друга прилика реков е универзитетски професор. Може политиканство да кажува, може да има разни размислувања, но би сакал да го слушнам г. Оровчанец, неговото образложение за овој амандман.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Оровчанец имате збор?

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам господине претседателе.

Со овој амандман јас навистина очекував вака да настапи министерот за локална самоуправа, овој амандман да го каже како несериозен и апсурден. Мене ми е мило што така реагираше затоа што ваков несериозен и ваков амандман што тој не може да го прифати и амандман на законот кој е апсурден и крајно несериозен. Несериозноста и апсурдноста на законот за територијалната поделба, го генерира практично и овој амандман. Меѓутоа, ќе му објаснам на г. министер дека за овој амандман може повеќе аргументи да се дадат, отколку било колку аргументи што тој воопшто ги даде за сите членови на Законот за територијалната поделба.

Што е суштината на овој амандман? СУштината е во едно поврзување на општините Струмичко-Прилепско-Дебарско, со седиште во Прилеп. Тоа би било практично и дефинирање на Коридорот 8 кој е од исклучиво стратешко значење за Македонија. Од друга страна тоа е принципот на водите по кои комуницира тој регион. Тој е принципот на низинските економски зони и подрачја и принципот на врски кои може да бидат комплементарни и ред други работи кои можеме да ги набројуваме. Суштината е, затоа што мене ми е јасно дека ниеден амандман од опозицијата господинот министер нема да прифати, токму да ја дефинирам и да ја покажам на најгол начин несериозноста и апсурдноста на целиот закон за територијалната организација на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Процедурално се јавувате за збор господине Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Да.

Претседателе сакам да реагирате на квалификациите што министерот ги даде во однос на пратеникот. Значи тоа не е работа на министер, уште помалку да дава политички квалификации и дисквалификации на личности.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мислам дека г. Оровчанец на тоа прашање одговори.

Јас во иднина ќе внимавам на таков однос.

Бидејќи претресот по амандманот е заклучен, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 16 гласале за амандманот, 1 воздржан и 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под а) за додавање нова точка 12-а по точка 12, поднесен од пратениците Ѓорѓи Трендафилов и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе би сакал да укажам, како и за претходниот амандман од г. Трендафилов, на неколку факти во делот на амандманите кои се однесуваат на територијалната поделба од 1996 година, која се водеше од други надлежности и други услови на територијалната организација. Оваа територијалната организација е врз основа на законот за локална самоуправа. Во тој дел и овој амандман, врз основа на укажувањата и критериумите за продолжување на постоење на општината Злетово, не се прифаќа.

Би сакал да му укажам на господинот Трендафилов како предлагач, исто така, врз основа на досегашните надлежности на општините кои не значеа многу во остварување на правата, врз основа на досегашните изворни приходи и досегашната општина Богомила и општината Злетово, во предлогот што во Министерството за локална самоуправа го работеше претходната Влада и се

заокружуваше за околу 82 до 85 општини, овие општини не постоеја, врз основа на овие исти критериуми.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

За збор се јави г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе јас процедурално се јавив.

Пред се, добро е што ни го дадовте списокот на амандманите, мислам дека е од голема помош. Меѓутоа за понатаму, сметам дека не е баш до крај доволно, со оглед на тоа, барам и понатаму, доколку може и во дополнување на овој список, да постои и архивскиот број. Овие се водат 3/119 нан пример, кроз 67, кроз 68. Вака многу потешко ги наоѓаме, со оглед на тоа што одделни пратеници имаат по 10 или  15 амандмани. Затоа би сугерирал понатаму ако може, тоа не е проблем, го имаат, значи во иднина да го ставаме и архивскиот број.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Трајановски, но договорот кој што го направивме беше да го имате редоследот за да знаете. Ние и онака до 5 часот нема да поминеме повеќе од 5 амандмани како што тргнала дискусијата, значи ќе има цела вечер за да се средат и најдат амандманите, али тоа ќе го имам за следниве закони во предвид.

Повелете господине Трендафилов имате збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Гештаковски, јас се обидувам најсериозно и најискрено да сватам за што вие всушност зборувате. Верувајте и покрај навистина сериозните обиди на добра волја јас не можам да ве сватам што зборувате од едноставна причина што Владата во чие име сега зборувате преку дузина параметри, ваши информации на Државниот завод за статистика, секојдневно слушаме какви се загуби државни институции произведуваат во овие 10 месеци, па јас не се сеќавам вие да излеговте со предлог закон да ги укинеме тие државни институции. Мислам обидот ваш да кажете дека финансиски е неиздржливо или нешто што се предвидувало во 2000 година го тогашен некој нацрт предлог закон дека вие само

едноставно сега го операционализирате е повеќе од апсурден. Вие два месеци се затваравте по Маврово, не знам каде се не се затваравте, па зарем зборувавте за нацрт законите во Владата кога беше премиер господинот Георгиевски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов овој вовед ви го признавам. Поминете зашто Злетово ...

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски, јас само морам да одговорам на она што господинот Гештаковски го ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По амандманот зборувајте зашто Злетово треба да остане посебна општина.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас не слушнав токму тоа велам. Исто како што не слушнав за Богомила, не слушнав ни за Злетово. Господинот Гештаковски ми кажува ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е право на министерот, а вие објаснивте зашто треба.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ

Добро, а кое е моето право г. Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да ги убедите другите пратеници и јавноста дека Злетово треба да остане посебна општина и дискутирајте по тоа прашање.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Прво, јас морав да одговорам на одредени политички квалификации кои апсолутно немаат врска со предложениот амандман. Тоа го зборуваше и господинот Гештаковски. Тоа го кажав и сега би продолжил за содржината на амандманот.

Општината Злетово е една од многуте општини кои во изминатите месеци со разни дописи, со разни облици на комуникација, не со пратениците поединечно, туку со законодавниот дом на Република Македонија се обраќаат писмено до нас. Општината Злетово во два дописи до Собранието на Република Македонија ги истакнуваше своите предности и своите позитивни можности. Дури и да сте во право г. Гештаковски дека таа општина досега и можеби немала некоја завидна финансиска стабилност, тие два дописи ја искажуваат увереноста, пред се на локалните власти од општина Злетово дека тие веруваат оти може да си ја поправат барем таа финансиска стабилност која вие упорно од нив ја барате. Впрочем станува збор за регион во Источниот дел на Република Македонија. Станува збор за регион кој во пошироко или во потесно географско подрачје, Владата на г. Црвенковски односно на г. Костов се обидува да привлеже странски капитал во 2004 година, што беше кажано во јануари дека ќе биде година на економски бум. И ако нешто прво би требало да ви падне на памет, тоа е дека оној приватен капитал што очекувате да се придвижи во Источниот дел на Република Македонија можеби подобро би комуницирал со локалните власти за решавање и за поттикнување на приватната иницијатива, отколку со некакви обврски кои би биле далеку поголеми со централната власт. Сакам да ве потсетам дека во општина Злетово навистина ниеден од овие дописи не велеше дека ќе привлечат странски капитал и дека ќе отворат, не знам, трговски центар во кој ќе купува цела Источна Македонија. На пример тие очекуваат да привлечат, тоа што очекуваат и тоа што досега го има во тој регион, пред се да се реши проблемот со рудниците во тој регион, како основен ресурс и второ обиди да се привлече капитал за да се инвестира во сточарството и во разни земјоделски култури. Ќе ве потсетам, луѓето не очекуваат дека ќе се отвори трговски центар во кој ќе се снабдува со стоки во широка потрошувачка цела население од Штип до Владимирово. Сега ние овде се поставуваме како некакви деспоти и ќе кажуваме дека то ашто не сте успеале да го направите во периодот 2000-2002 година, затоа ние денес ќе ве казниме или ќе ве дисциплинираме на овој начин со тоа што ќе ја укинеме општината. Сакам да ве потсетам, можеби сте ги виделе, можеби не сте ги виделе, но навистина не ми е јасно вашето тврдење дека од еден обичен нацрт план во Владата на г. Георгиевски, вие ме убедувате сега дека сте зборувале два месеци во Маврово за тоа. Еве поминаа три амандмани, но вие навистина не зборувате од позиција на министер за локална самоуправа затоа што не изложувате доволно сериозни аргументи. Со оглед на тоа како помина судбината на претходните два амандмани, верувам дека

уште 200 амандмани да беа поднесени, на овие 168 или 170, колку се, ние изгледа сме решени амандманската расправа во Собранието како законодавен дом да ја завршиме како муабет на слепи и глуви. Не верувам дека тоа нешто ќе им каже на граѓаните дека ние посебно сме се стресле и се грижиме за децентрализацијата, туку напротив ќе го зацврстиме убедувањето во целокупната македонска јавност дека овде станува збор за пазарење по етнички принцип. Впрочем првата општина што ја збришавте со една ваше обично не ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов вратете се на општина Злетово, Ве молам.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Па добро, очекувам и општина Злетово и сите други што ќе дојдат понатаму да ја имаат судбината како општина Богомила. Затоа велам дека ова ќе биде разговор на слепи и груви. Нема да зборуваме за демографските капацитети, за географските услови. Да ве потсетам дека во ова Собрание донесовме измени и дополнувања на Законот за локални избори. Ако вие погледнете во овие милион амандмани, ќе видите дека половина од овие општини што се предложени да останат пред се во руралните подрачја, нема законски да бидат во состојба да ги предложат листите за советници затоа што демографски структурата е таква каква што е во одредени подрачја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г. Блаже Стојанвоски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас како пратеник во Собранието на Република Македонија добив допис каде што има барање од сите релевантни субјекти на општина Злетово за останување на општина Злетово со седиште во Злетово, заедно со селата Штолковица, Бунеш, Древено и Јамиште, Лесново, Ратавици, Трапатанци, Турско Рудари и Зеленин Град.

Општината Злетово, со Законот за територијалната поделба на Република Македонија и определувањето на подрачјето на единиците на локалната

самоуправа, со десет населени места стана единица на локалната самоуправа со седиште во Злетово која во тој период се оддели од општина Пробиштип.

Со предлог законот за територијалната организација на локалната самоуправа, општина Злетово се припојува на овој начин кој општина Пробиштип.

Причините поради кои го поддржуваме овој амандман и поради што сакам да ги пренесам ставовите на релевантните субјекти во општина Злетово се следните.

На 18.12.2003 година во Злетово се одржа тркалезна маса на тема Предлог законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија и статусот на општина Злетово. На состанокот присуствуваа градоначалникот на општина Злетово, членовите на Советот на општина Злетово, градоначалникот на општина Пробиштип и сите релевантни политички субјекти од општина Злетово и невладини организации во општината. Формирано е координативно тело за спас на општината.

Од расправатана тркалезната маса и од состанокот на координативното тело, на 20.12.2003 година е донесена Декларација во која се вели:

“Општина Злетово како единица на локалната самоуправа треба да остане и понатаму да функционира како општина со десет населени места и со седиште во Злетово. Со ова согласни се сите потписници на оваа декларација и тоа градоначалникот на општина Злетово, советот на општина Злетово, Комитетот на ВМРО-ДПМНЕ од Злетово, општинската организација на СДСМ од Злетово, општинската организација на ЛДП од Злетово, општинската организација на Социјалистичката партија на Македонија од Злетово, Нова демократија од Злетово, Еколошкото друштво “Пониква” од Злетово, Организацијата на жени, Здружението за граѓанска иницијатива од Злетово, Здружението на пензионери од Злетово, Фудбалскиот клуб и Доброволното противпожарно друштво”.

Значи сите оние кои претставуваат локална власт и оние кои што претставуваат локални здруженија на граѓани од овој град, кои шт значат нешто за фунционирање на оваа општина.

Со оглед на фактот дека е потребно да се доаргументира ова, се надевам дека министерот ме слуша, бидејќи не е во моментот тука, сметам дека треба да се искажат и следните податоци.

Општината Злетово се наоѓа во североисточниот дел од Република Македонија и на север граничи со општина Кратово, на исток со општина Кочани, на

запад со општина Кочани и на југ со општина Чешиново. Таа зафаќа површина од 120 километри квадратни, со 10 населени места.

Злетово е најголемото населена место во општината и претставува општински центар. Целата општина брои 3.687 жители , според пописот од 1994 година , а самото Злетово околу 2.500 жители.

Општината Злетово е сместена по течението на Злетовска река на подножјето на Осоговските планини. Просечната надморска височина на општина е 700 метри, а две села има кои што се со надморска висина на 1.100 метри.

Оваа општина опфаќа 11.300 хектари обработливи површини, од кои 2.500 се со земјоделски култури, 4.200 хектари се под пасишта и 4.700 хектари се под шуми.

Од земјоделските култури , најзастапени се житните култури и тоа јачменот и пченицата, а по течението на Злетовска река застапен е оризот.

Од другите култури, застапени се пченката, зеленчуковие производи, а од овоштарството, застапени се јаболката, крушите, виновата лоза и мал дел други овошни култури.

Од шумите, застапени се листопадните и иглолисните шуми, од сточарството овците и говедата, а во Злетово најзастапени се козите и свињите кои што се одледуваат во домашни услови.

Основните општествено-економски карактеристики се рударството и земјоделието, при што особено значење има експлоатацијата на рудните богатства, познати уште од времето на Римската империја, дејност која продолжува во текот на целиот среден век.

Со текот на времето, со развојот нарударството, Злетово покрај улогата на центар на економската моќ, во првата половина на 14 век станува и духовен центар со формирањето на Злетовската епархија.

Со посебна повелба на Деспотот Оливер било решено во 1347 година, Лесновската егуменија да биде подигната на ранг на епискпија.

Духовен центар на Епархијата бил Лесновскиот манастир, а седиштето на епископот бил Злетово чие име и го носела новооснованата епархија.

До 1946 година, Злетово било округ, а до 1963-та и општина, кога добива статус на село. Со територијалната поделба во 1996-та година Злетово повторно го доби заслуженото место, односно стана локална самоуправа.

Без да го оптоварувам ова Собрание со други податоци за оваа општина, сакам да истакнам дека оваа општина до денес има регистрирано над 50 правни субјекти, кои што можат да придонесат за обезбедување на буџетот кој што е

потребен за функционирање на оваа општина и на овој начин сметам дека треба да се има предвид пред се и заради Европската повелба за локална самоуправа, волјата на локалното население. Слушнавме дека тука постои консензус на сите политички партии од оваа општина и на тој начин ова што се случува овде не претставува ништо друго туку наметнување на волјата на еден тесен круг на луѓе кои ја претставуваат централната власт врз волјата на локалното население и желбата да ги остварат на најадвекатен начин своите потреби за реализација на нивнит локални работи. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стаменков, а нека се подготви пратеникот Марјан Ѓорчев.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Сакам јас да сепридружам кон оваа иницијатива во однос на овој амандман за опстој на општина Злетово во постојните граници од Законот за територијална организација 1996 година. Зошто сметам дека оваа општина треба да остане ?

Прво, не сакав можеби да зборувам, но кога го слушнав министерот за локална самоуправа образложението главен критериум за опстој , избришана е економската моќ на општината и како единствен го слушнав дека е општина која што ќе работи со загуби, односно ќе се задолжува, нема да може да опстане. Само не слушнав колку приходи ќе остварува општина Злетово со новиот закон за финансирање на општините. Министерот требаШе да каже ќе има 5 милиони денари приходи од данокот на имот , административни такси , комуналните такси персоналниот данок, данокот на ДДВ , други приходи кои се наведени во Законот од комуналиите итн а ќе има трошоци да речеме , расходи за админстрација толку и толку, за измирување на обврски према Електростопанство или ред други обврски кои што ќе ги има , толку и толку пари и ако видевме дека таа сварна сума е поголема од приходите ќе поверувавме во тој аргумент дека оваа општина стварно нема економски капацитет да опстане.

Вака со декларативно кажување само општината нема економска моќ, а без конкретни бројки сметаме дека не е аргументот кој што е искажан и доволно поткрепен со факти. И ќе го молам министерот за понатаму кога ќе кажува за економска моќ, посебно за одредена општина која што ќе биде предмет на некој

амандман да изнесе конкретни бројки бидејќи тие можат многу лесно да се пресметат.

Еве јас ќе ви кажам дека од ДДВ негде се предвидува по 300 денари од жител на општина ќе добијат со новите 3,5% кои се предложени, може истото да се пресмета  и персоналниот данок, може и за данокот на имот, може и за административните такси, за комуналните такси и сите тие приходи. А исто така, предвидени се и трошоците, односон расходите . Така добро е еден министер на локална самоуправа да ги има тие бројки кај него, бидејќи тие бројки се основата за кроењето на законот по кој што се гледа економската моќ на општината.

Инаку, во насока на опстојна општина Злетово, сакам да кажам дека оваа општина се приклучува кон Пробиштип, една општина која што може да се каже е во криза во сите свери.

Општина Пробиштип со пропаѓањето на рудникот кој што се вика и Злетово, каде што беа повеќе од лучето вработени во тешка економска ситуација и да и се пркачува уште еден товар и по тој основ сметам дека ќе се згреши. Да се грижи за вработувањето на луѓето во Злетово, кога неможе да си го реши вработувањето во Пробиштип. Исто така, инфраструктурата која што не е во добра состојба и во Пробиштип и во Злетово да се стават како товар на еден градоначалник од Пробиштип кој што тешко ќе си ги реши со таа економска моќ која што ја има во Пробиштип , сопствените проблеми во инфраструктурата, па да мисли за проблеите во Злетово е погрешен чекор. Многу аргументи се во насока на тоа дека општина Злетово има ресурси врз кои може да се подпре, има и луѓе доволно кадри да го засилат развојот на оваа општина, тоа го покажаа во изминатиот период, има изградено многу објекти од инфраструктурата, со многу инвестиции и  донации од странство и од нашите фондови. Исто така, почна една интересна иницијатива за развој на туристичкиот дел на општината во осоговието, кое што веќе започна со изградба последниве години. Сметам дека ќе се направи една грешка со укинувањето на оваа општина.

Блсагодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стаменков.

По вашата економска логика за општина Пробиштип произлегува дека и таа не може да опстои сама. Со вакво спојување ше даде можности двете општини да опстојат.

Повелете г-дине Марјан Ѓорчев, а пото анека се подготви пратеникот Никола Груевски.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и г-да пратеници, почитуван г-дине министре,

Со моето обраќање ќе се обидам да укажам на некои елементи кои што уптуваат на тоа дека општина Злетово треба да остане општина во сегашен облик и во новиот закон за територијална поделба на Република Македонија .

Општината, пред се, треба да биде творба на природните услови, а природните услови пак треба да бидат во Република Македонија , конкретно се со економско-географската димензија, потоа достигнат степен на економски развој, историската димензија, потоа демографскиот фактор итн.

Кога се работи за Злетово, треба да се каже дека тоа е една стара рударска населба што датира од средновековието и од секогаш имала автономност, самостојност. Географски е поврзана, гранично и сега, со сегашниот Закон, се протега североисточната, јужната граница по билото на Солунските планини, а новиот дел на границата е према општината Пробиштип. Значи, каскадно се спушта некаде во височина од 1100 метри до вливот, односно до Магистралниот пат Штип-Кочани и претставува една природна географска целина.

Историската димензија на општината Злетово упатува на тоа дека дури и во поранешното кралство Југославија таа постоела како варошица Злетово. Подоцна, од 1963 година, постои исто како Злетово, како општина Злетово, во 1996 година, со Законот за локална самоуправа во Република Македонија е регистрирана како општина Злетово. Ова укажува на еден историски континуитет што треба да се респектира и не случајно мораме да ги почитуваме историските факти ако сакаме да градиме иднина. Затоа што град кој што нема историја, нема минато, нема ни иднина.

Оттука, тоа е таа димензија, а втората димензија е димензијата на економскиот фактор. Злетово, секогаш било најподатниот ресурс за рудничките капацитети во Рудниците Злетово, што некаде во изминатите пет децении броеја од 1600 до 2000 вработени во Рудникот Злетово, околу 1000 души кои работеа во рудникот, пет децении, беа од Злетово или околните места, планинските места Јамиште, Зелен Град, Кнежино, Турско Рудари, а подоцна и од рамничарските предели кога се запустија оризните ниви.

Оттука, чинам дека со Програмата на Владата е предвидено дека рудниците Злетово и Тораница ќе бидат реактивирани. Тоа укажува дека тие 1000 луѓе, кои што некогаш работеле таму, можеби не во толкав број, можеби 800 или 700, ќе бидат во состојба повторно да бидат ангажирани, или нвните синови, нивните браќа, нивните деца и на таков начин ќе се создаде економски ресурс, кој што ќе помогне преку предвидените мерки за зафаќање, односно обезбедување средства за локалната самоуправа, таа да суштествува како самостојна општина.

Во делот на економскиот аспект, би се задржал исто така на хидросистемот Злетовица. Потпишаниот договор со Меѓунартодната банка, Јапонската банка за меѓународно кредитирање и обезбедените кредити од 80 милиони долари упатуваат на тоа дека во следните осум до девет години, таму ќе биде интензивна инвестициона изградба.

Целокупниот пат од Злетово до телото на браната Кнежино, 20 км. се протека по течението на Злетовска Река, а тоа е токму ареалот на Злетовската општина. Тој пат, целата таа Злетовска долина нема никакви допирни точки со Пробиштип, па би рекол дури и со Кратово, освен во делот на граничните ареали и во делот на водоснабдителните пумпи кои што обезбедуваат вода и за Кратово и за Пробиштип, а во иднина, тоа ќе се решава на еден многу посовремен начин, затоа што хидросистемот Злетовица ќе обезбеди и вода за пиење и вода за наводнување на тие 4000 хектари од кои 2000 хектари се во Злетовска општина, 2000 хектари се во општина Пробиштип, меќутоа, во еден сосема друг геогравски ареал, кој што навистина, не може да се спои, затоа што постојат географски пречки, тоа да биде една општина.

Трето, зошто не треба да биде Злетово со Пробиштип, со тоа што Пробиштип е индустриска населба, настаната 50-тите години од 20-тиот век , во време кога селото Пробиштип се претвори во гратче Пробиштип, на интензивен стопански растеж на тогашна Социјалистичка Република Македонија и од доселеници, луѓе од сите краишта на Република Македонија . Меѓу другото, јас сум живеел таму извесон време и можам да кажам дека со годините кои што идат и кои што допрва ќе следат тие доселеници полека но сигурно се иселуваат од Пробиштип и се враќаат или во своите родни огништа или заминуваат на поподатливи економски можности за вработување и егзистенција на тоа население.

Оттука, индустрискиот карактер на општината Пробиштип е апсолутно неспоив со релативно разиграната конфигурација на економски ресурси, како што се економски, земјоделски, туристички, манастирски комплекси, значи и во делот на

религиозните објекти, Злетово може да апплицира во тој дел како самостојна општина и очигледно е дека огромниот број на население кој што сега е концентриран во Злетово, пред се, од планинските предели Јамиште, Зелен Град, Турско Рудари, кои што полека но сигурно се концентрира во Злетово и четвртиот фактор претставува  пазар на набавка на земјоделски продукти.

Треба да знаете дека во најголем дел во минатите неколку децении Пробиштип се снабдуваше со земјоделски продукти од пазарот во Злетово. И ден денес површините кои што се во околината на Злетовска Река претставуваат едни од најплодните површини во североисточниот дел на Република Македонија и омжност за релативно добро живеење на жителите на оваа општина.

И на крајот, што мислам дека исто така е важно да се потенцира е делот на она што ние ќе мора, ако не со овој закон за финансирање на општините за локална самоуправа и даноците на имот и сите други зафаќања што треба да ги плаќаат граѓаните на Република Македонија тоа е во делот на општинската сопственост и општинските даноци. Едно време во Република Македонија со Законот од 1963 година, во друг систем имаше општински даонк.

Чинам дека општинската состојба до колку се реши, така како што треба да се реши, повторно ќе кажам, можеби не во овој состав на Парламентот, но во друг состав на Парламентот, општината Злетово сосема спротивно да биде една од најбогатите општини, затоа што со ареалот, некаде 11000 хектари земјоделска површина, поделена 1/3 со шуми, земјоделско земјиште, речни корита и наноси, Злетово може многу добро од општинските такси за вода, за горските стопанства и за електричната енергија, бидејќи таму има три мали хидроелектрични централи по долината на хидросистемот Злетовица, да биде една од најбогатите општини во Република Македонија , како што своевремено од 1963 година, општината Злетово во составот на тогашна Социјалистичка Република Македонија беше исто така една од многу развиените општини во Република Македонија во тоа време, заедно со општина Пробиштип. Едноставно имаме историски аргументи, економски аргументи, имаме аргументи од аспект на демографскиот фактор, кој што ќе обезбеди опстојување на населението во тој дел од источна Македонија, затоа што миграцијата во тој дел е присутна. До колку се задржи општината, таму треба да потсетам постои фудбалски колектив кој што настапува во тој регион, таму постои училиште, таму постојат многубројни стопански објекти, таму ќе биде и хидросистемот Злетовица, рудникот се вика Злетово, хидросистемот се вика Злетовица, реката се вика Злетовска Река, едноставно, многу факти упатуваат дека

општината Злетово треба да биде посебна општина, со надоградувањата кои што ќе бидеме принудени како општество, како држава, да ги правиме во делот на опстановките на општините и чинам дека општината Злетово навистина, ќе биде една од најпросперитетните општини во Република Македонија , до колку и дадеме шанса со овој закон за територијална поделба да опстои како општина. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Лепиткова имате реплика или збор?

Збор.

Тогаш на ред е г. Никола Груевски, а потоа вие.

Повелете г. Груевски.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Слично како големата непринципиелност што е применета кај Богомила, мислам дека и кај Злетово непотребно се врши платформа иземање на општината која и текако има големи проблеми во овој период од економски карактер, а има, како што кажаа претходните кои говореа по оваа точка, имаат капацитет да опстанат како општина од повеќе гледни точки и од економска и од демографска и од сите други гледишта така што би било добро за овој дел од Македонија кој преживува тешки години во изминатиот период особено во годините на транзицијата, оваа општина да остане односно овој амандман што го поднесовме да биде прифатен.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Груевски.

Повелете госпоѓо Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Јас како пратеник кој доаѓа од изборната единица број 3, поточно од општината Пробиштип и Злетово, сакам да искажам свои видувања и мислења по предложениот амандман затоа што како пратеник од тие општини и до мене дојдоа препораките , видувањата, мислењата на граѓаните на Злетово нормално со цел нивната општина како таква треба да продолжи да опстојува и да биде дел од

територијалната поделба како посебна општина надвор од границите на општина Пробиштип.

Јас ја разбирам дискусијата единствено на пратеникот Марјан Ѓорчев затоа што тој попотекло по мајка води потекло од Злетово и нормално ги познава приликите во општина Злетово и нејзините историски, културни, туристички и други аспекти од аспект дали треба или не треба да опстои како општина.

Меѓутоа, кај мене се јавуваат две дилеми. Доколку сите овие аргументи кои беа изнесени дека рудникот Злетово како таков, доколку повторно се продаде и активира ќе значи плус за економската состојба на општината Злетово. Доколку хидросистемот Злетовица, а не доколку , тој веќе почнува во првата фаза на својата изградба продолжи понатаму да работи, да се изградат хидроцентрали, системи за наводнување, тоа ќе биде плус од економски аспект за унапредување и развој на општината Злетово. Меѓутоа, тоа нешто значи дека во тој правец би требало да ја укинеме општината Пробиштип. Општината Пробиштип во нeја со седиштето на рудникот Злетово и селото Добрево каде всушност е лоциран рудникот Злетово го носи самото име така што ние знаеме како ВМРО тргуваше со брендот на името и во тој поглед дали топпилницата Злетово во Велес би требало да биде во рамките на општината Злетово, ако ги повратиме сите имиња.

За мене е нормално општината Злетово да покажува тенденции на развој од аспект на туристичка и културна придобивка во смисла дека во таа насока може да се одвива , бидејќи е во непосредна близина на Пробиштип поврзано со патна инфраструктура и како такво не е оспорено.

Меѓутоа, кај мене се податоците кои укажуваат на тоа дека општина Злетово , како таква , има остварување на своите приходи само 53,27% во рангот на општините кои најмалку финансиски можат да бидат со факти поткрепени од аспект на нивното опстојување.

Доколку со Уставот би измениле и би имале двостепена локална самоуправа од аспект на тоа инфраструктурно да можеме да ги унапредуваме нашите селски општини, така да кажам, во тој правец сигурно општина Злетово би требало да опстои. Меѓутоа не ми е јасно ако во едни дискусии кажуваме дека водите се општо добро и не треба да ги лоцираме само во една општина и како право да има само една општина, а за истата работа имаме сосема други дискусии и само да напоменам хидросистемот Злетовица е хидросистем со седиште во општината Пробиштип, меѓутоа, тој зафаќа на самото место на изградба на брана, изворот на

реката Злетовица и другите реки кои се влеваат во Злетовска река и го чинат тој тек, зафаќаат и дел од општина Кратово така што тоа е многу покомплексно прашање.

Единствено што јас би подржала во овој правец е опстојување на таа општина од тоа што претходно го искажав е тоа што референдумската воља на граѓаните укажува дека тие би сакале да имаат своја општина затоа што сметаат дека само така ќе можат да ги остваруваат своите права во смисла на она што значи административно работење.

Меѓутоа, во секој друг правец од досегашното работење освен изградба на некои инфраструктурни објекти кои во другите општини постоеја, општина Злетово не покажа инвестициона надоградба  во смисла дека може да покажува такви тенденциина развој.

Значи, освен вољата на граѓаните, културно-историските и туристичките аспекти на развој на оваа општина, ние би можеле да ја направиме општина единствена ако со овие аргументи ја укинеме општината Пробиштип.

Треба да размислуваме во тој правец како дискутираме во прилог на постоење на една општина или на укинување на друга таква општина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејки треба да пристапиме кон гласање по амандманот.

Ги молам службите да го утврдат бројот.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Претресот по амандманот е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници од кои 9 за, 1 воздржан и 49 против.

Службите уште еднаш нека го утврдат бројот.

Во моментот на гласање во салата беа присутни  63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10-б, за додавање нова точка 34-а по точката 34, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор , министерот за локална самоуправа, г. Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Со амандманот на г. Михајло Георгиевски се предлага и понатаму да опстојува општината Блатец.

Со Предлог законот општината Блатец се предлага да се спои со општината Виница. Во општината Блатец има 2 илјади жители, нејзината финансиска моќ е врз основа на данок на имот, врз основа на данок на наследство и подарок, врз основа на административни такси и други изворни приходи , во 2003 година изнесува околу 10 илјади евра.

Врз основа на другите критериуми сметаме дека опстојувањето на општина Блатец кое се бара со овој амандман не е можно од аспект на новите надлежности, од аспект на остварување на правата на граѓаните и сигурно тие прават заедно со граѓаните на општина Виница подобро би ги остварувале во интерес на граѓаните и во интерес на тие права.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете г. Георгиевски имате збор.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, членови на Владата,

Сакам да ве запознаам со општината Блатец која полни два мандати е како општина. Како општина таа даде големи резултати и како резултат на успешното работење на изборната локална власт во 1996 година до сега Блатец ги има направено следните зафати:

-изградба на објект за водоснабдување;

-фекална канализација;

-околу 80% асфалтирани улици во Блатец и Липец;

-реконструкција на регионалниот крак-Р1-527 кој е од големо стратешко значење за Блатец;

-реконстукција на основното училиште во Блатец;

-реконстукција на училишниот дом;

-реновирање на здравствениот дом;

-реновирање на електричната мрежа;

-изградба на две трафостаници;

-формирање и регистрирање на општински фонд за локални патишта и улици;

-основање на јавно комунално претпријатие;

-изградба на спортска сала, една од најубавите во Источна Македонија;

-уредување на општинските простории;

-редовна автобуска врска со сите поголеми центри;

-основање на такси служба, пошта и телефонска дигитална централа;

-приватна ординација;

-детска градинка;

-приватни трговски и угостителски дуќани;

-бензиска пумпа и со еден збор правење на сериозен чекор во заживување на општината и нејзино претварање во сериозен сервис на општината кон граѓаните.

При набројвување на се она што е направено за време на функционирањето на Блатец како самостојна општина, мора посебен акцент да се стави на економските субјекти кои претставуваат една локомотива која треба да ја повлече целата општина во поголем развој и просперитет. И покрај оскудните услови за развој постојат неколку стопански субејкти кои најдоа услови за своето функционирање. Така би можел да ги спомнам Земјоделската задруга “Момин Преслап”, погонот на АД “Руен” од Кочани, погон на АД “Дамјан Горица” од Виница, конфекциска фирма за ретардирани лица, земјоделска аптека “Маки” - Блатец, супер маркет од 14 приватни колонијални продавници, ресторан, рибник, кафе-клубови, интернет-кафе, пекара, “Маки”-Блатец книжарница и голем број на помали економски објекти кои речито говорат за зачетокот на еден економски прогрес кој е започнат во оваа општина.

Исто така постоење на овие економски субјекти ја докажала оправданоста на постоење на самостојна општина Блатец која се покажа способна да обезбеди простор за една ваква економска заживеаност која е од несогледливо значење за жителите на оваа општина.

Исто така треба да се напомене дека сето тоа е постигнато за релативно краток период при непостоење на реална финансиска децентрализација и при ограничени ингиренции на локалната валст.

Сега, наместо ваквиот напредок да се стимулира со една реална и финансиска децентрализација сопредложениот закон се уриваат сите досегашни придобивки и го прекинуваат целиот досегашен позитивен тренд.

Работите се враќаат на самиот почеток, но сигурно ќе значи исчезнување на населените места во состав на општина Блатец.

Врз основа на досегашната работа создадената основа и подготвеноста на општина Блатец да одговори на предизвиците и зголемените ингиренции кои произлегуваат од нејзините реформи на ситемот за локална самоуправа, ќе анведам неколку причини зошто општина Блатец со новиот закон за територијална поделба и определување на подрачната единиц аод локалната самоуправа треба да остане во самостојна единица на локалната самоуправа.

На крајот почитувани пратеници сакам да викажам дека од 2000 жители кои живеат среќно во една општина која забележува големи успеси со нашето укинување ќе направиме 2000 несреќници, 2 иљјади луѓе кои по пат на референдум изгласаа своја самостојна општина, сега ќе ги претвориме на противници, незадоволници и луѓе кои ќе размислуваат кој и како да се исели од тоа место и да се запусти.

Затоа уште еднаш апелирам на совеста, апелирам на сите разумни луѓе кои што мислат добро на тие помали места, на тие села, да го дадат својот глас за постоење на оваа општина која еве се нуди да си остане како самостојна.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Георгиевски.

Дали некој друг бара збор?

Бидејки никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање, и ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници од кои 9 за амандманот, нема воздржани , и 51 против амандманот.

Службите уште еднаш нека го утврдат бројот на присутните.

Во моментот на гласање во салата беа присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10-б, за додавање нова точка 34-а по точката 34, поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Илија Србиноски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор , министерот за локална самоуправа, г. Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот со кој се предлага општината Бач, да продолжи да егзистира врз основа на досегашната териториjална организација и општината Бач има 755 жители се приклучува кон општината Новаци.

Сметаме дека природните ресурси на општината Бач заедно со ресурсите и административните капацитети и финансиски на општината Новаци, ќе продолжи да ги остварува овие резултати во интерес на граѓаните. Сметаме дека вакво окрупнување во тој дел на Битола, ќе даваат можности за развој на локалната самоуправа. Затоа амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

За збор се јави пратеникот Илија Србиновки.

Повелете, г. Србиновки.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе,

Ова што министерот го кажува , не е точно дека оваа општина како општина Бач може да си опстане и тоа како прв и основен критериум според план за опстанок на општината е тој дека има извонредни приходи, па сметаме дека општината има доволно средства за опстанок.

На пример, постоењето на 4 фабрики за миниерална вода, сепарација за песок, водостопанство Битола во село Брод, приватна сепарација за песок во село Брод, подрачна единица на Македонски шуми "Кајмакчалан"-Битола , пресметковната единица во Бач на ЗК Пелагонија и т.н. и други ловни подружници и 15 илјади грла овци на зимска испаша, самата географска положба на општината е таква , близината со границата со Република Грција, што е неопходно постоењето на општината.

Доколку општината Бач се припои кон општината Новаци со која нема никакви комуникации, се мисли на асфалтни патишта односно никакви комуникациски врски, па така населението од општина Бач и за најмала работа треба најпрвин да патува 35 километи до Битола, а потоа уште 10 километри до Новаци за една обична

потврда. Тоа значи цел ден да изгуби за најмала ситница и да се спомне фактот дека доколку општината се припои кон општината Новаци овој пограничен регион ќе стане мртов крај, населението повторно ќе почне да се иселува, како што беше случајот пред триесетина години.

Според тоа , да не се укине, туку да остане во своите постојани граници со седиште во општина Бач.

Во периодот кога не функционираше општината Бач, жителите од сите тие наведени села се соочуваа со голем број проблеми што и за најмала работа беа принудени да одат во Бистрица, па таму да чекаат по повеќе часови да ги добијат потребните документи.

Поради тешката економска состојба во државата односно поради сиромаштијата во овој пограничен регион дел од државата која се смета за еден од најнеразвиените подрачја , рурален дел, голем дел од населението мигираше во прекуокеанските земји. Добар дел од жителите се населеуваа во Градот Битола, Скопје, барајќи подобри услови за живот.

По пописот од 1991 година во општината живеат околу илјада жители од макеоднска националност. Сакам да го напоменам фактот дека до 1996 година во во овој дел на РМ воопшто не беше ништо сторено, изградено, не беа изградени ни најнеопходните инфраструктурни објекти, немаше водовод, улично осветлување, локалните патишта беа неасфалтирани, до пред десет години не беше асфалтиран регионалниот пат Битола-Скочивир и поради ваквите состојби имаше појава на голема миграција село-град.

Со Законот за територијална поделба односно со формирањето на општина Бач  во 1996 година општината повторно почна да заживува. Така почнаа да се чувствуваат благодетите  од функционирањето на општината.

Прво, започна изградбата на водоводи во селото Бач, Живојно, Гермијан, Брод, а во тек е изградбата на водоводот во селото Скочивир.

Започна изградбата на уличното осветлвуање во сите населени места во општината Бач, Гермијан, Живојно, Брод, Добровјани, Скочивир, Сливица.

Локалните патишта беа во многу лоша состојба, односно запоставени, започнаа да се тампонираат, асфалтираат главните улици во населените места исто така се  асфалтираа.

Со формирањето на општината беше инсталирана телефонска централа со голем број на телефонски линии. Бидејки населението од општината главно се занимава со земјоделие и сточарство, се појави потреба од изградба на поила за

напојување на добитокот и моментално има илјада грла крупен добиток и 5 илјади грла ситен добиток.

Поради тоа во тек е изградба на три водопоила во општината.

Пуштени се во употреба три фабрики за минерална вода, а во изградба се уште две такви фабрики што значи дека општината заживува. Да напомнам дека од оваа општина се користи најдобрата минерална вода во Република Македонија, но вреди ли тоа дека во последните три-четири години голем дел од семејства се враќаат од Битола поради финансиски причини и започнуваат да се занимаваат со земјоделство и сточарство.

Исто така уште поголем е бројот на повратници кои во пролет-лето се враќаат и се занимаваат со производство на житарици, бостан поради поволните климатски услови.

На крај да истакнам дека Општината Бач има површина од 255 км2, нејзина јужна граница претставува границата со Република Грција која е членка на ЕУ, а Општината Бач е вклучена во проекти кои се однесуваат на меѓуграничната соработка со Република Грција кои допрва треба да се реализираат.

Да го спомнеме и фактот дека поради непосредната близина со државната граница на Република Грција пред формирањето на општината постоеја диви премини кои се користеа за разни криминални активности и најмногу се користеа за шверцување на автомобили, се вршеа разни кражби и жителите соочувајќи се со ваквите проблеми немаше каде да се обратат. Со формирањето на општината жителите ги пријавуваа ваквите гранични инциденти па со посредство на локалната самоуправа и соработката со полицијата овие проблеми беа навреме спречувани. Затоа сметаме доколку се укине општината овој дел односно луѓето повторно би се соочиле со истите проблеми, а со тоа повторно би се активирале криминалните активности. Значи Општината Бач и целокупното население кое живее во овој пограничен и рурален дел Општината Бач да не се укине или да се припои кон некоја друга Општина Новаци, туку да продолжи понатаму да функционира затоа што е од важно значење, како што реков, таа општина е рурална општина и нема да се иселуваат граѓаните од таа општина. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Србиновски, повелете господине Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господин претдседателе.

Ова е типичен пример како оваа територијална организација едноставно не се грижи за граѓаните бидејќи целта и основата на територијалната организација беше граѓаните да се приближат до локалната власт и така да ги остварат своите права во сите сфери на живеење. Гледајќи го ова што денеска и пред една недела го добивме како Предлог-закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија и гледајќи ја картата тука секој граѓанин на Република Македонија како што беше поделена и во дневните весници едноставно ќе види дека постои Битола, Новаци и Могила.

Вака гледајќи ја картата изгледа идеално поделено и човек што не ги познава приликите ќе помисли дека е точно така направено во таа делба и дека така треба да биде. Но, ова што го кажа господинот Србиновски граѓаните од Општината Бач за да ги реализираат своите права сега ќе треба да поминат низ две општини, Општина Битола, па потоа уште 20 км и првите 35, 55 км за да стигнат во Општина Новаци. Колку ќе може Општина Новаци да може овие луѓе да ги задоволи, да ги задоволат своите потреби и барања едноставно е големо прашање. Значи, за една рурална општина, јас го сфаќам господинот министер во своето образлагање дека сега општините добиваат поголеми ингеренции, но треба да ги видиме реалните услови. Ингеренциите се навистина големи, но бројот на населението кое што живее, неговата возраст, старосната структура на луѓето во општината, многу од она владение што треба да го има општината едноставно ќе опадне. Затоа, овие луѓе со она што беше кажано, што го поседуваат, од 1996 она што го направиле во голем број на проекти, во проектите кои што допрва треба да следат како една погранична активност со блиската Општина Старавина и со Општината Бистрица како пограничен дел на Република Македонија на границата со Република Грција едноставно можеби требаше да се размили многу повеќе за таа поврзаност со останатиот дел за некоја нова општина, ајде да ја кажеме Мариово, условно, во која што би влегле овие општини и која што понатаму ќе треба државата на почетокот да инвестира многу, но мислам дека по кратко време единственото што ќе го добиеме сите како Република Македонија е она што Евроап во овој момент го бара а тоа е здравата храна и предели кои едноставно не се загрозени воопшто со стопанство за разлика од други предели во Република Македонија кои ќе имаат доста проблеми од тој аспект.

Значи, во овој момент наместо да им помогнеме на граѓаните од Општината Бач, ние ги донесовме во една апсолутно неблагодарна ситуација и верувајте ми дека ќе нема претпријатие кое што ќе се нафати да го организира тој превоз од овие села од Општина Бач од Живојно, Добровање, Гермијан, од Скочивир, од Сливица, од Сович, од Брод, од Велесело, за да може да стигнат истите до Општината Новаци.

Во моментов Електростопанство на Македонија веќе најавува, многу брзо, крајот на август месец отворање на еден нов рудник, рудникот Брод Мотино, значи еве уште една прилика и можност оваа општина да заживее многу повеќе затоа што ќе почне од инвестициони активности, се надевам многу брзо, ако сето не е само парола да се заврши она што нема ни да почне, но во секој случј мислам дека ќе има можност општината да опстојубва и да преживува, а ако се отвори рудникот веќе реално останува тие да продолжат со своето работење и со своите проекти кои што до сега ги започнале и да ги завршат. Да видиме нешто што во последните години визионерски се направи на тоа подрачје, да видиме нови асфалтирани патишта кои што во претходните 50 години донесоа овие простори да бидат сосема раселени, едноставно луѓето околу 50% се во Битола, а останатите се заминати во странство. Нема фамилија која нема луѓе што се надвор од таму. Едноставно тие го проверија сето ова до 1996 година како функционираше тогаш локалната самопурава, кој успеал да ги види и кога ќе ги види, се однесува на сите овие општини. Мислам дека и по овие референдуми кои што ги направија самите општини, едноставно да се прашаше можеби и градот Битола грижењето за вакви рурални средини со огромни површини каде што самиот градоначалник не знам колку би бил моќен за да може да ги посети сите овие села и да се распраша за нивните проблеми, а колку ќе може по нешто да реализира од нивните побарувања едноставно се сомневам затоа што ја гледам Битола во какво светло се наоѓа овие четири години, мислам дека апсолутно не се задоволуваат никакви побарувања на локалната самоуправа, а со овие риурални средини и огромните површини и растојанија мислам дека ќе предизвика ушт епоголем револт.

Она што мислам дека го носите законот, а тоа е подобрување на сите остварувања на права на граѓаните на Република Македонија барем во овој случај апсолутно не се исполнети, не знам по кои критериуми е направено сето ова, мислам дека господинот министер треба да најде доблест и да го прифати ова или да се најде некое решение кое што едноставно овие граѓани нема да ги тера 25 км,

мислам дека многу малку и други општини во Република Македонија ќе можат на тој начин да ги реализираат своите права.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање по амандманот.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

По заклучување на претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Глсале 60 пратеника, 6 гласале за амандманот, 1 воздржан и 53 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на пратеници.

Во салата беа присутни 65 пратеника кога се гласаше по амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 34-б под точката 34,. поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Илија Србиновски, Никола Груевски и Љупчо Велковски.

Го моклам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот на локална самоуправа господинот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас помислив дека министерот ќе го прифати овој амандман. ајде првиот, пат, рурална средина, сега имаме една органицирана средина која што во претходните

неколку години благодарејќи на градоначалникот и воопшто на оваа општина доживеа еден процевет во Битола и мислам дека со тоа што на ваков начин сакаме да ја отпишеме Општината истрица правиме уште поголема грешка одколку што она што сакавме да го исправиме со претходниот амандман.

Со новиот предлог за територијално решение за општините во Македонија Општината Бистрица престанува да стои како таква и се врши припојување кон Општина Битола. Овој предлог ги вознемири најголемиот дел од нашите жители кои поучени од претходното искуство со истата Општина Битола, период на тотална маргинализација опустошување и иселување, предлогот не го прифаќаат. Веднаш по објавувањето на предлогот се формира иницијативен одбор кој организира состанок во присуство на сите 19 претседатели на месни заедници кои едноставно го отфрлаат предлогот за припојување на Општината бистрица кон Општината Битола. Тие 19 месни заендици кои што го направија овој референдум и кои што се потпишаа Бистрица и понатаму да опстојува се селата Барешани, Бистрица,Велушина, Граешница, Драгош Жабени, Кадино, Кравари, Кременица, Кишала,Крстр, Лажец, Меџитлија, Оптичари, Оледени, Острец, Породин и Средно Егери. Значи, на тој состанок одлучија како што одлучија, но очигледно Министерството и воопшто Владата не сакаше сето ова да го земе во предвид и го носи повторно ова решение Бистрица да биде припоена кон Битола.

При кроењето на новата територијална карта не се земени во предвид ниту критериумите кои наводно ги воспостави Владата при формирањето на новата територијална карта, што е најбитно не се земени во предвид ниту достигнувањата на општината, ниту пак перспективата, ниту можноста за самоодржување, ниту волјата на народот кој живее во оваа општина. Земени се во предвид само теснопартиските пазарења инспирирани од фактот што на ова тло перспективата на СДСМ е очајна бидејќи Општина Бистрица во изминатиот период од три години има неколкукратно побрз развој на сите полиња споредувани со Општина Битола.

Затоа сетаме дека предлогот е брутален атак врз перспективата на ова тело. Во таа насока Општина Бистрица е населена со повеќе од 5000 жители како рурална општина се спојува со урбан центар. Како пограничен регион заедно со Општина Бач и дел од Старавина и Новаци прават географска целна на стратешки важен пограничен период на кој државата треба да посвети повеќе внимание, а како сега да спојува три оштини кои немаат ниту пат на комуникација меѓу себе за што говоревме пред малку како што е Општината Бач со Новаци.

Воспоставените релации со соседните општини од Република Грција се прекинуваат. Отпиочнатите проекти од капитално значење се прекинуваат како и пранираните проекти во блиска иднина.  Не се зема во предвид стопанскиот потенцијал на општината кој може да се самофинансиера и се прашуваме, не земаат ли во Општина Битола за да не финансираат. Гледајќи како  Битола се финансира, очигледно не. Мислат ли сосила да се држат таму каде праксат апокажа дека не им е местото. Во прилог и ова што сакам да го кажам денеска, ми беа презентирани листа на реализирани проекти како и проекти во фаза на реализација, а исто така и економски елаборат за стопанскиот потенцијал во општината, во кој , за жал, не се влезени уште неколку фабрики кои во моментот се градат а за кои ние иаме заслуга. Мислам дека пратениците го добија овој елаборат стопански, се надевам дека и Владата, беше доставно до нив, можеа да видат што и како е направено, што понатаму требаше да се прави во Општина Бистрица и што вие господа после 4 години ќе можете да им  кажете на  тие граѓани, од ова што сега им го ветувате со Битола дека ќе биде направено на овој простор. Тоа што е направено на инфраструктурните активности, би почнал што така,. село по село, во Крстоар санација на доводниот систем за вода, промена на дистрибутивната мрежа во селото, реконструкција на резервоарот за вода, асфалтирање на сите улици во селото и помош при реконструкција на црквата и манастирот. Во Крстоар после долго време се направени сите овие работи.

Во Левени санација на резервоарот за вода, реконструкција на црквата и манастирите, асфалтирање на локалните улици, приклучување на регионалниот систем за водоснабдување, основните работи кои што во секое село, водостопанството им е потребно.

Бистрица асфалтирање на локалните улици, асфалтирање на спортски полигон, помош на цркви и манастири, изведба на нов систем за водоснабдување со прочистителна станица, одводнување и други работи.

Канино отворање на школо, нов водоводен систем, асфалтирање на улици, санациа на резервоар за вода и останати работи.

Во Породин поправка и смена на водоводните пумпи, санација на здравствениот дом, асфалтирање на  улици, одводнување, делумна санација на школото и месната заедница, изградба на споменик и спомен парк и др.

Во Велушино етномузеј, помош во реконструкција на најстарата црква на Балканот, асфалтирање на цела патна мрежа, санација на резервоарот. Етномузеј во едно село кое што е многу блиску до грчката граница. Грчката граница мислам

дека претставува еден голем извор, на она што значи, не знам кој го посетил овој музеј, мислам дека треба да му се даде поголемо значење во понатамошните активности со соседна Република Грција, едносатавно да бидат посетители на овој музеј.

Во Лажец целосна санација на школото, нов асфалтен пат и патна мрежа во селото.

Во Острец нов водовод и одводнување. Граешница нова амбуланта, санација на школото и водовод во селото. Кишава делумна санација на пат, помош за џамијата, асфалтирање во селото и др. Кременица нов водовод, отворено ново училиште, одводнување, нова амбуланта и помош за црквата. Меџитлија помош за џамијата, нов водовод и одводнување. Во Егри нов водовод, ново школо, тампонирање на улици во селото, спортско-рекреативен полигон во центарот на селото. Жабјани ново школо, нов водовод, тампонирање на улиците, помош за црквата. Оптичари нов водовод, делумна санација на школото, помош за црквата и одводнување. Кравари ново школо, нова библиотека, нова пешачка патека, осветлување на магистрален пат, помош за црква, комплетно одводнување, асфалтирање на улици, помош на амбуланта.

Општината Бистрица има најдобро улично осветлување споредбено со било која општина во Македонија. Општина Бистрица финансира седум спортски клубови, гради и реконструира игралишта, спортски терени, има и четири терени за спорт во ноќниот период изградени во акцијата со спорт против пороците.

Општина Бистрица соработува со сите граѓански организации и здруженија во општината и пошироко.

Во подготовка се следните проекти: поврзување на регионаниот систем за водоснабдување на Кравари и Лажец, асвалтиран е на пристапен пат до Егри, асвалтирање на повеќе локални патишта во повеќе населени места, изградба на повеќе паркови и детски игралишта, реконструкција на неколкуте преостанати школи, реконструкција на повеќе дистрибутивни мрежи во селата. Тоа се дел од активностите во изминатите три години. Само да напоменам дека сумата за реализација на овие активности е за неколку десетици пати поголема од буџетските средства на општината, а средствата се обезбедени со макотрпна работа на надлежните од општината со различни извори на финансирање, а мал дел од нив се средства од државниот буџет.

За разлика од она што го говоревме претодно општината Бистрица зафаќа некаде околу 231 км 2 и вкупната аграрна површина изнесува 21.914 хектари. Од тоа има обработливо земјиште, шуми, ливади и пасишта.

За разлика од претходните рурални места каде говориме за состојба од 800 до 1000 луѓе и тоа го земаме како причина тие општини да не постојат, во случајов се работи за нешто многу спротивно од претходното. Значи на територијата на општина Бистрица живеат 5.057 жители во 1352 домаќинства, со просек од некаде 3,7 членови по домаќинство. Од овие показатели се гледа дека општината Бистрица спаѓа во подрачјето со средна населеност. На територијата на општина Бистрица гравитираат 21 населба од што 18 населби се населени, а додека 3 населби: Злокуќани, Горно Егри и Долно Егри се наполно иселени.

Доколку се погледнат хронолошки податоците од самите пописи на населението, ги потврдуваат поразителните резултати на осипувањето, намалување на бројот на населението и на селските населби. Така во 1971 година на оваа општинско подрачје 10.957 жители. Десет години подоцна 1981 година се регистрирани 11.434 жители, додека пак во 1994 година бројот на населението драстично се намалува и изнесува 5.779. Карактеристично е тоа дека драстичното намалување на населението во овој период е последица на миграционите движења село-гра, емиграција на населението во странство, како и намален природен прираст, а сето ова е резултат на непостоење на минимум услови за живот и работа, т.е. егзистенција на населението во селата. За оваа појава голем придонес има и негрижата и несериозниот однос од страна на носителите на јавните функции, према потребите на селата и населението што живеат во нив, односно од решавањето на проблемите во областа на земјоделието како основна егзестицијална гранка на луѓето од ова подрачје. Исто така, не е доволно вложувано во областа на инфраструктурата, особено на решавање на проблемите со патната мрежа, потоа со водоснабдувањето како со вода за пиење, така со вода за наводнување.

На ова подрачје на општина Бистрица во индивидуалниот сектор има меѓу 3.804 молзни крави со негде околу 40 до 50 илјади литри млеко дневно производство, 3500 овци, така да егзистира краварство во Породин со сточен фонд и вработени негде околу 20 работници. Пресметковната единица свињарство Породин исто така краварството во Кременица и што е многу важно има преработувачки објекти за кој што говореше господинот Србиновски. Во овој дел на Пелагонија ги има повеќе. Во општината Бистрица, тука е “Лозар-пелистерка” , значи во селото Меџитлија. Овој капацитет опфаќа површина од негде 5 хектари и е со капацитет од

500-600 тони ЦЕО-2 годишно производство и со капацитет негде од 30 милиони шишиња минерална вода во која што егзистира повеќе од 130 работници.

Во последно време се повеќе замав зазема изградбата на капацитетите кои ги користат овие суровини и тоа претежно во приватен сектор, како што се технички гасови Скопје потоа "Гели" Скопје, "Макминерал" - Битола, "Пела Роса", "Унион-Хераклеа", пекара во Породин, "Млин Балкан"во село Кравари, "Млин Бело-Орле" пекара во село Кравари, пиперана. Значи сето ова дава едни можности општината Бистрица, едноставно и по бројот на жителите и по изведенаа инфраструктура и по се она што го направиле во последните три години и понатаму да опстојува како општина и мислам дека министерот ако тоа не го гледа и ако не сака да го види се надевам дека вие господа пратеници од позицијата ќе видите дека е тука една можност и направена неправда кон граѓаните од општината Бистрица и во овој момент да им помогнеме барем со вашиот глас, еве општина Бистрица и понатаму да опстојува, затоа што нивното влегување во општината Битола едноставно ќе донесе во таа ситуација што беше пред 1996 година, од причините кои што ги кажав и за општина Бач. Значи општина Битола додека ги среди своите актуелни и активни проблеми кои што ги има, мислам дека многу малку време ќе може да посвети на овие општини посебно во општината Бистрица која што за овие три години на прави многу, многу повеќе и во однос на финансиските средства кои што се добиени од општината Битола. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има господин Илија Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитувана потпретседалке,

Како што спомна Спире Мавровски за ова општина дека треба да опстани, има уште многу што да се кажува за општината дека има причини за што да опстани оваа општина Бистрица. Едноставна карактеристика е регионалната нерамномерност во разместувањето на гореспомнатите капацитети што е последица на зголемена концентрација на истите према поголемите демографски, индустриски центри.

Развојот на индустријата потребно е да се остварува со изградба на мали и средни флексибилни капацитети, посебно од областа на агроиндустрискиот сектор,

капацитети кој ќе користат суровини исклучиво од земјоделството, поледелството, сточарството како основно занимање на луѓето во општината.

Во последно време присутно е се поголем обем на вложување на странски инвеститори во обласа на текстилната индустрија со кое се овозможува поголем степен на вработеност. Затоа се наметнува и потребата од дислокација на индустриските капацитети од поголемите градови и локација на истите во просторот околу нив и воопшто во поширокиот простор, т.е. кон населбите но со водење сметка за правилен избор за локација на истите, како не би дошло до загрозување на плодните земјоделски површини, а за тоа посебно треба да се води грижа од органите на локалната самоуправа.

Општината Бистрица во минатото се карактеризираше со висок степен на миграција на населението, што се гледа и во бројот на жителите, пример во 1971 година општината броеше 10.957 жители, а додка во 2002 година 5.057 жители. Како последица на горе спомнатото се наметнува потреба за водење на активна популациска политика, во согласност со можностите на социо-економскиот развој. Истата би требало активно да влијае врз порастот на населението со цел да се постигне оптиматизација во користењето на ресурсите, изворите, како и хуманизација на условите за семејниот и општествен живот на населението што ќе допринесе за намалување на миграциите како и создавање услови за порамномерен развој во регионо.

Со цел да се намали оваа појава, неминовно се наметнува потребата од планскиот процес на развој на уредување на селските подрачја. Со ова би се овозможило суштинско подобрување на условите за живот и работа, реватизација и економскиот развој на селските населби. Засновани врз координиран развој на земјоделието и производните капацитети мали и средни погони, како и терцијалните дејности трговија, занаетчиство, угостителство и туризам.

Посебен акцент да се стави врз комуналната и сообраќајната инфраструктура како предуслов за комуникациско поврзување како меѓу самите населби така и со поголемите урбани центри. Како битен елемент се јавува начинот и можностите за задоволување на потребите на населението од обласа на јавните функции и квалитетот на пружените услуги од страна на жителите на истите.

За поефикасно остварување на истите се наметнува потребата од планска организација на јавните функции, со нагласена димензија на социјалниот развој врз основа на дефинирани обврзувачки стандарди и норми заради обезбедување на минимални услови за задоволување на потребите на луѓето.

Ваквите услови се создадоа со новата централна поделба на општините. По 1996 година, со која битолската општина се подели на 9 помали општини, од кои една и општината Бистрица. Со ова се овозможи непосредно побрзо и поефикасно остварување на личните права и интереси на населението, со непосреден контакт со носителите на јавни функции и различни области како што се образованието, каде се става посебен акцент врз предучилишното воспитување, развој на основното образование како образувачко за сите деца до соодветна возраст. Здравството и социјалната заштита, каде концептот на просторна разместеност се базира на нејзино преструктуирање со образувачка здравствена заштита за целото население, преку изградба на здравствени установи, амбуланти и создавање на можности за развој на приватното здравство.

Се наметнува потребата од побрз развој на културата, со зголемување на степенот на искористеност на постојани капацитети од областа на културата, како и со проширување и изградба на нови културни установи, домови на култура, библиотеки, музеи, посебно во локалните заедници.

Се забележува подобрување на состојбите во областа на спортот и физичката култура со реконструкција на постоечките а изградба на нови објекти, спротски терени, игралишта и тн.

Во врска со ова може да се рече дека сообраќајниот систем во општината е на солидно ниво. Еден од главните и поважни индикатори за спречување и ублажување на миграцијата на населението е и воспоставувањето на добар систем на сообраќајни, телекомуникациски врски со стопанскиот центар Битола. Посебно важен е и патниот сообраќај, како од локален така и од регионален и магистрален карактер. Селата во општината меѓу себе се поврзани со солидна патна мрежа која речиси во целост се асвалтирани.

Поштенската мрежа го опфаќа системот на поштите на подрачјето на општината со кој се покриени сите населби во општината, а со тоа се обезбедува непречено одвивање на поштенскиот сообраќај.

Еден од главните индикатори, показатели за проекција на идните сообраќајни потреби е порастот на степенот на моторизација, бројот на моторни возила со која се наметнува потреба од реконструкција и редовно одржување на постоечката патна мрежа, како и модернизација и проширување на истата, а исто така потреба од изградба на нови сообраќајници.

Системот на врска се остварува преку телекомуникациска мрежа која воглавно служи за остварување на телефонскиот и телеграфскиот сообраќај во

општината, вклучувајќи ја и мобилната телефонија. Со оваа телекомуникациска мрежа се овозможува непречено користење и пренос на податоци. Слободно може да се рече дека целосно е покриено подрачјето на општината.

Постоењето на радиодифузниот систем овозможува, со помош на својата основна мрежа на предаватели, гледање на разни ТВ програми на целото подрачје на општината. Исто така еден дел на општината е покриен со следење на сателитски програми преку локалната кабелска ТВ станица која е лоцирана во селото Кравари.

Поволната географска положба на ова подрачје  му дава потенцијални можности за развој на туризмот а може да се заклучи дека воопшто е запоставен туризмот како стопанска гранка, било да се работи за планинскиот или пак за спортск-рекреативниот туризам. Тоа се гледа во непостоење на сместувачки капацитети, како и нивно поврзување со патишта.

Врз основа на природните услови, географската положба, релјефот, климатските услови, институционално како посебни целини можат да се издвојат следниве видови потенцијали: планините, објекти со природно и културно наследство, цркви и манастири, споменици на културата, ловни подрачја, а посебно и селата во планинскиот дел на општината, селски туризам. Како последица од тоа се наметнува потребата од посебна заштита на просторите погодни за развој на турисмот.

Исто така, и угостителството е недоволно развиено и споро се развива, од претходно споменатите причини. Како последица на нискиот степен на развиеност, оваа гранка на стопанство опфаќа мал број на потенцијално вработени. Со оглед на поволната географска положба на општината и блискоста на границата со соседна Грција, постојат погодни услови за развој на оваа стопанска гранка.

Урбанизацијата и индустријализацијата, покрај својата светла страна, подобрувањето на животниот стандард на луѓето, имаат и своја темна страна како што е загадување на човековата околина и тоа преку загадување на воздухот, водата, почвата, како и преку депонирањето на цврстиот отпад што во последнов реме станува се посериозен и основен проблем. Како основен проблем се јавува загадувањето на животната средина. Во последните години, од една страна загадувањето е намалено со самото намалување на производството во земјоделството и индустријата, како и последица од намалена употреба на пестициди и вештачки ѓубрива. Но има случаи на пораст на загадување на

животната средина со употреба а неквалитетни горива, како и нефункционирање на системот за прочистување, поради нивната неисправност, на пример колекторот на Фабриката за шеќер во Битола чии отпадни води се влеваат во петиот канал, исто така се нарушува и квалитетот на површинските води со отпадните води од домаќинствата, индустријата, земјоделието, а посебно од неуредените диви депонии. Исто така и шумите се изложени на бројни штетни влијанија каде посебно место земаат шумските пожари, потоа бесправното и непланско сечење на шумите, што доведува до нерационално и непланско искористување на истите. Како последица на овие негативни појави се јавува потреба од заштита на животната средина. Потребна е примена на соодветни законски мерки за заштита, подрачјата преку систем за прочистување и подобрување на технолошки процеси во индустријата, заштитни мерки при експлоатација на минералните суровини. Посебно се наметнува потребата од решавање на проблемите предизвикани со дивите депонии за отпад, потребно е да се направи правилен избор за идните локации на цврст отпад, почнувајќи од самото прибирање, селектирање, транспорт, манипулација со негово депонирање. Тоа би се одвивало во две фази. Од една страна прифаќањето и собирањето на отпадот, а во втората фаза се врши рециклажа на истиот со што би се обезбедиле секондарни суровини за индустријата.

Исто така потребно е да се води сметка за заштита на природните богатства, флората и фауната. Дел од таа стратегија е важно и за заштита на културно историските вредности, како што се археолошките локалитети, црквите, манастирите и другите споменици на културата.

Посебно се наметнува потреба од реализација на истите. И колку да зборувам натаму факт е дека оваа општина има можности да остане сама да се развива и сама да опстои како општина Бистрица. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 13 гласале за, 49 негативно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 од б, за додавање нова точка 34 - а по точката 34 поднесен од пратениците Спиро Мавровски, Илија Србиновски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б за додавање нова точка 38-а, по точката 38, поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски, Никола Груевски, и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете г-дине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, амандманот на почитуваните пратеници предлагаат општината Витолиште да продолжи на опстојува како што е територијалната организација од 1996 година.

Општината Витолиште има 494 жители и остварува вкупен приход по сите основи на изворни приходи околу милион денари, што сметаме со прилучувањето кон Прилеп, природните ресурси кои се во значителен дел, или во огромен дел на тоа подрачје со спојување на административните,на човечките ресурси на потенцијалот технички-технолошки на Прилеп,ќе дадат еден нов поттик за развој на тој период на тој крај во Република Македонија, што нуди огромни можности и за луѓето и во процесот на глобализација, доведување на огромни инвестиции и странски капитал на тој период, што ќе може да биде менаџиран од страна на модерни менаџери.

Затоа амандманот од почитуваните пратеници не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодрам, г-дине министре,

За збор е јавен г-динот Блаже Стојановкси.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке,

Значи со овој амандман јас со моите колеги барам да опстои како што кажа и министерот општина Витолиште со седиште во село Витолиште, во кое што би било вклучени селата Бешиште, Непрчени, Витолиште, Брдско, Буџаково, Дуње, Жилово, Каден, Кокрек, Крушевица, Манастир, Пештани, Палчиште и Чаниште.

Истовремено, овие села треба да се изземат од Предлогот на закон, кој што предвидуваат тие да бидат дел од општина Прилеп. Основниот аргумент на кој што се потпира овој амандман претставува специфичноста на ова подрачје, кое што опфаќа навистина голем простор, голема површина, а истовремено специфичната структура на населението кое што како што кажа и министерот навистина не е во голем број. Меѓутоа, има специфични потреби, пред се на кои што се однесуваат на одредени ингеренции, а кои што ги има и треба да ги има локалната самоуправа.

Тоа пред се се однесува на здравствената заштита затоа што примарната здравствена заштита и влијанието кое што го има општината во тој поглед е значајно, и на тој начин постеленоста, градот Прилеп, да се грижи за здравјето на ова старо население, навистина не може докрај да ги исполни очекувањата на лицата кои што живеат таму, од причина што и досега во еден долг период, се случува само во одреден временски утврден ден, во текот на една седмица да се посетува еднаш некое село од страна на еден лекар, или пак да има неколку денови или повеќе недели каде што од најразлични причини заради тоа што бил спречен лекарот и немало медецински сестри, или незнам  што се расипал џипот со кој што одат, па нема можност за воопшто да се реализира било каква здравствена заштита на овие лица.

Од друга страна, постоењето на општината Витолиште од 1996 година, наваму ја истакна потребата и ги истакна сите можности кои што ги дава оваа општина, за реализација на инфраструктурните потреби на овој крај. Имајќи во предвид дека тој крај е голем како што кажав, има навистина потреба и од реализација на снабдување со електрична енергија на овие места. Исто така, имаше проблеми на кое што немаше скоро никакви телефонски линии, сега веќе и тоа прашање е решено. Немаше можност да се следи ниту првата ниту втората програма на МРТВ бидејќи немаше предавател, со ангажман на општина Витолиште и тоа е сега можно во овој крај. И навистина и самата оддалеченост на овие населени места од градскиот центар Прилеп, имајќи го во предвид, тешкиот простор кој што треба да се помине за да се стигне до Прилеп, а истовремено и староста како што кажавме на населението за патување и за реализација на неговите потреби создава неопходна потреба за опстојување на оваа општина.

Инаку, факт е дека примарните потреби и интереси на населението во општината Витолилште се различни од овие потреби и интереси на градот Прилеп, и тоа е сето она што досега го кажав. Како што се структурата на населението, оддалеченоста од градот, како и другите специфики кои што се однесуваат на

можностите за развој на овој регион, затоа што сепак овој регион има потенцијали во однос на рудното богатство со кое што располага во однос на шумскмото богатство со кое што располага во однос на сточниот фонд кој што може таму да се зголемува и да создава услови за развој и за финансиско покривање за реализација и за остварување на овие спеицифични потреби на населението од овој крај.

Од овие причини сметам дека потребата за опстојување на општина Витолиште односно Витолишкиот дел на Мариово, е истакната и од страна на самите жители затоа што беше реализиран референдум каде што децидно беше кажано дека жителите навистина имаат потреба од општина која што ќе им служи за задоволување на нивните пред се здравствени инфраструктурни, како и комуникациски потреби кои што им се неопходни за нормално живеење во овој регион.

Од овие причини, сметам дека општина Витолиште треба да опстане, треба да се почитува Европската повелба за локалната самоуправа, треба да се почитува волјата на жителите таму, и треба пред се да се почитуваат специфичните потреби на овие лица, затоа што се работи за старосна структура која што навистина ќе има големи проблеми за било каков документ да оди во Прилеп, и да ги оствари своите права во општинскиот центар кој што е оддалечен и над 50 километри од самото населено место Витолиште.

Од овие причини, сметам дека како што се наплрави исклучок за одредени други општини имајќи го предвид спецификите на оваа општина треба а се прифати опстојувањето на општина Витолиште и во наредниот период.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Министерот за локална самоуправа бара збор, г-динот Гештаковски.

Повелете.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитиван пратеник Стојановски,

Би сакал голем за голем дел на општини кои се припојуваат, ова е типичен пример, и вие кои кажавте да ви укажам, а и вас посебно бидејќи мислам ги читате законите, на одредбите во преодните и завршните одредби на овој закон во членот

26 и 28. Сите општини кои се припојуваат, кон поголемите општини и прават една заедничка општина, нема никаква потреба да стравуваат дека ќе ги изгубат услугите кои досега беа на тоа подрачје врз основа на општинската администрација.

И, понатака, во новосоздадените општини администрациите ќе продолжат да работат, врз основа на новите потреби и во рок од 60 дена новосоздадената општина ќе створи систематизација за тие луѓе да му ги пружаат услугите. Одиме дури и понатака. Во овоие општини со огромни територии, граѓаните мораат да патуваат повеќе до седиштето на општинаа. Ние со овој закон и Законот за локална самоуправа, ја развиваме месната самоуправа. Дури и тие вработени во локална администрација можат да бидат распоредени во секојај поголема месна заедница. Тоа е едниот дел на кој јасно на граѓаните на Република Македонија да му укажеме дека нема да ги изгубат услугите, административни, дури во дадениот случај дека граѓаните од Витолиште треба да патуваат во Прилеп. Не е, баш е обратно. Своите барања ќе ги поднесуваат во месната заедница во меснаста канцеларија кои ќе имаат овастувања и средства, и стите ќе се решаваат во Прилеп.

И многу важен друг дел, за кој зборуваше г-динот Стојановски, тоа на услугите, кој со новите надлежности ги имаат општините. Општинината Витолиште има 494 жители стари, и добиваат лоша здравствена услуга. Со членот 28 градоначалникот на Прилеп, е должен да ги пренесе надлежностите во областа на здравството за кое зборуваше Стојановски. Јас сум убеден. Дека овие граѓани, ќе имаат подобри здравствени услуги отколку што ги добиваа досега. Бидејќи на градоначалникот на Прилеп, ќе е обврска и законска врз основа на член 28, и во сите други сфери. Да му ги приближи услугите на граѓаните. Не само во Прилеп. Прилеп ќе имат огромно здравство, кој ќе располага огромен дел на надлежности во образованието, како во основното и средното, услугите, во овие селски населби сигурно ќе се води грижа и од страна на градот. Тезата дека градот има огромен број на проблеми и нема да ги решава ќе ги запоставуваат овие проблеми јас мислам дека не држи и нема основа во овој период на развој на Република Македонија и во делот на глобализација. Она што сакаме да го направиме и за оваа општина и за другите општини да ги активираме природните ресурси со моќта на општината Прилеп.

Вие самите гледате и во делот на демографската структура. Зборуваме за развој на овие општини, има точно е одредена инфраструктура врз основа на грандови, дотации, странска помош. Нема тоа да трае. Сопствен приходи не

остваруваат. Затоа, заедно во делот на градските јадра или окрупнети во дел на рамничарски села, повеќе и постоечки општини ќе овозможиме развој за граѓаните.

Општината Витолиште сметам дека г-дине Стојановски, овие граѓани ќе добиваат подобри услуги, али ќе створиме услови со дел на целокупниот локален економски развој, кредитна политика, голем дел на граѓани кои имаат имот во овој дел да се вратат назад, и да почнат да произведуваат она што даваат можност овие општини.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодрам.

За збор е јавен г-динот Жарко Караџоски.

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпртседателке, почитуван министри, колеги пратеници,

Најнапред одма да кажам дека со овој амандман предлагачите кои што се наведени овдека, предлагаат нели општина Витолиште да остане онака како што била досега. Меѓутоа, како што го слушам министерот како ги објаснува причините, поради кои што општината Витолиште треба да се припои кон Прилеп, неможам ништо друго да разберам освен тоа, покрај новите критериуми или Владата и министерот ги воделе при кроењето на територијалната реорганизација, добивам впечаток дека од сите оние гоеграфски, етнички и незнам какви критериуми, таа општина Витолиште најверојатно, предлагачот се водел од тоа што со укинување кон ова општина, најверојатно на Република Македонија и е потребна пустина, со оглед на тоа што нема. Ако почитуваниот министр мисли дека општината Витолиште со тоа што ќе се припои кон Прилеп и така ќе има позабрзан развој, тоа е голема грешка. За тоа зборува претходното искуство. Таа општина беќше припоена со Прилеп, колку напредна од тоа што беше припоена кон Прилеп, покажува податокот што во тој период, кога тие општини беа едно имаше огромна миграција од тој крај во рамките на општина Прилеп, поточно во градот. Сето тоа траеше до оној момент додека не се донесе друг закон со кој што општина Витолиште останува самостојна.

За да не зборуваме напамет, јас би сакал за почитуваните колеги да објаснам каде се наоѓа оваа општина. Инаку општината витолиште покрај многуте работи, позната е и по снимање на филмови од Милчо Манчевски,  од некои други режисери,

каде што треба да се прикаже или пустина, или дека таму е заостанат народот, каде што прикажува куќи, од камења и покриви од камења.

Значи општина Витолиште е дел од познатата област Мариово како што кажав, која просторно се дели на прилепски, битолско и кавадаречко Мариово.

Општината Витолиште го зафаќа најголемиот дел од областа Мариово, кој спаѓа во Прилепскиот дел и истото му припаѓа на сливното подрачје на Црна Река. Подрачјето на единицата на локалната самоуправа, значи општина Витолиште е ридско-планинска област, на север се граничи со планината Бренд, на Запад со Сељачка планина, на Исток со планината Козјак.

Територијата на општина Витолиште се простира на површина од 495 км квадратни, надморска височина од 380 до 1882 метра и се вброи во најголемите општини на територијата на Република Македонија. Значи тој критериум овдека воопшто не е применуван.

Општината Витолиште се наоѓа на Југот на Република Македонија, а како област Мариово на голема должина се граничи со Грција. Со можност за изградба на пат и граничен премин на превојот Куљавец и со извонредни можности да се поврзе по гребенот Козјак и Ниџе со локалитети поволни за зимски туризам. Железна врата Инвалидница, а оттука со Витолиште и со Градешница со општина Старавина.

Сегашната општина Витолиште располага со 11600 хектари земјоделско земјиште, од кое, 7400 хектари со државен имот а 4200 се во приватна сопственост. Голем процент од земјоделските површини се погодни за наводнување за што се отвараат можности за современо, еколошко чисто земјоделско производство.

Истата располага со следните природни ресурси. Значи земјоделско земјиште, водни ресурси, пасишта, шуми, рудни богатства.

Во општината Витолиште потечението на Црна Река, перспективи за изградба се браните Галиште, и Чеврен. Истите во секој случај ќе продуцираат натамошен економски развој на општината. Општина Витолиште има вкупно 24000 хектари пасишта. Од кои 23000 се државен имот, а 1000 хектари се приватни. Во општина Витолиште има 8300 хектари шуми и истото е претпоставка за натамошен разовј на општината. Од истрагите кои се досега вршени и самата експлоатација на рудни богатства констатирано е дека општината Витолиште има големи наоѓалишта на мермер, оникс, гранит, кварц, јаглен и други рудни богатства.

Зошто ова ви го читам. Некој ќе помисли дека станав професор по географија, меѓутоа, ова ви го читам само со една единствена причина. Сето ова у кажува дека оваа општина ги има сите предуслови и услови да опстојува сама. Сето ова укажува

дека со вакви природни богатства не е проблемот општината да се развива, доколку се остави самостојност, тоа да го прави.

Во понатамошното излагање ќе кажам дека тоа и го правела и покажала резултат за разлика од претходниот случај. Сега има една друга работа. Јас сум убеден почитуван министре, Мариово да се наоѓаше во Западна Македонија, значи во оној дел каде што не се случуваше криза и во оној дел кој што сега на вештачки начин или припојувате одредени општини со други, или делите едни со други, убеден сум дека општина Витолиште ќе останеше сама каква што и беше и немаше да биде проблем според вас, колку жители има. Ќе беше единствено проблем тие жители овде што ги има се македонци. Да беа албанци, ќе беше посебна општина. Значи, во периодот од 7 години откако општината Витолиште е прогласена за општина што е напрвено, и што тие направиле, како самостојна општина.

И само неколку делови ќе прочитам.

Прво, патна инфраструктура - изработени се 12 главни проекти за локални патишта, асфалтирани се повеќе од 14 км локални патишта, асфалтирани се повеќе од 600 метри локални улици, тампонирани над 10 км локални патишта, редовно извршувано зимско одржување на локалните патишта и улици итн. Потоа изградени се локални водоводи во 4 населени мести, изградени се над 10 микро акумулации и во тек е изградба на населеното место Чалиште, голема акумулација од 120 иљади $м^3$ вода.

Значи, со откривањето на општина Витолиште во 1964 година, се запре развојот на регионот на Мариово и се појави миграционо движење, тоа го кажав и сега го повторувам, поради последица на што наполно се опустоши овој регион, така што скоро 1/5 од Република Македонија наполно е иселено.

Значи, доколку се случи истото, а гледам дека тоа е предлогот во оваа завршна фаза, односно се укине општината Витолиште, како што предлага законодавецот, согласно новата територијалната организација ќе се создаде, во буквална смисла на зборот “пустина” и сега можеби е коинциденција што можеби токму во тој дел се снимаше, почитуван претседателе филмот “Прашина”. Тоа асоцира на пустина.

Затоа, јас мислам и не само јас, во општина Витолиште е спроведен и референдум во кој едногласно сите жители на таа општина го дадоа гласот за да опстојат како општина, поучени од искуството, бидејќи еднаш беа во сојуз со општина Прилеп и многу аир од прилепчани не видоа. Јас ви тврдам дека и сега

многу аир нема да видат од прилепчани освен да си дојдат кај нас. Меѓутоа, со тоа се отвора оној проблем што постоеше до 1964 година Прилеп да го направиме град на емиграција, како што и е сеуште, меѓутоа, ако до 1964 година во Прилеп имаше услови за некаква миграција од село во град заради некаков економски развој, денеска ви тврдам дека такви услови нема. Јас во многу наврати сум зборувал и сум кажувал дека денеска почитуван претседателе Прилеп наликува, да не се изразам грубо, меѓутоа, наликува на еден град кој е буквално мртвило, а последица е по 15-ти септември - судбоносниот ден (реакција од позицијата), сега уште кога ќе му го додадеме (реакција од опозицијата) што, не е вистина? За вас лага, но за граѓаните вистина. Сега, кога ќе му го додадеме Витолиште, не знам навистина што аир ќе видат тие таму ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можеби Витолиште ќе заживее, од кај да знаеме?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ако ни остане сегашната локална самоуправа, поточно ако ни остане во градот и натаму таа управа која и сега го раководи градот, бидете сигурни, бидејќи и Прилеп виде многу аир од СДСМ, а камо ли Витолиште. Да се надеваме дека тоа нема да се случи.

Заради тоа, оваа група на предлагачи предлагаме општина Витолиште да остане како посебна општина онака како што беше и да и дадеме простор сама да се развива, да не чекаат од прилепчани да берат гајле за нив, оти никој друг не бере гајле за никој, си гледа сам за себе, а какви се прилепчани, какви се овие што сега го раководат градот, тие за градот не направиле ништо, а камоли за Витолиште.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Благоја, вие имате реплика?

Повелете три минути.

БЛАГОЈА ГЕШОСКИ:

Благодарам претседателе, ги следев аргументите на моите колеги од Прилеп Стојаноски и Караџоски во поддршка на амандманот општина Витолиште и понатаму да опстојува како општина, меѓутоа, тие во овој прв аандман се залагаат

општина Витолиште да биде самостојна општина и жестоко ги бранат тие аргументи, тој став, меѓутоа, во новиот амандман кој е предложен како следен од нивна страна, предлагаат општина Витолиште да биде составен дел или заедно со општина Старавина, што значи немаат некоја доследност и не се водат под никакви критериуми освен од она што значи популизам или додворување на жителите на општина Витолиште. Набројаа многу работи, меѓутоа, заборавија да кажат дека во општина Витолиште живеат само околу 500 жители со просечна старост од 70-тина години и дека и досега основните функции за функционирање на општината ги вршат луѓе кои живеат во Прилеп.

Заборавија да кажат дека градоначалниците на општина Витолиште, вклучувајќи го и сегашниот градоначалник тие и нивните семејства живеат во Прилеп и само од време на време патуваат во општината во која се избрани да бидат градоначалници.

Исто така колегата Караџоски кажа дека филмовите “Пред дождот” и “Прашина” се снимани во Витолиште, што е лага, бидејќи сите знаеме дека филмовите Милчо Манчевски ги снимаше во Штавица, а селото Штавица никогаш не било и не припаѓало во општината Витолиште.

Она што значи актуална локална самоуправа, граѓаните за многу брзо време ќе ја дадат уште довербата, бидејќи во претходните 8 години ниту еден градоначалник не водеше сметка за Прилеп и оставија дубиози кои ги плаќаа и ден ден оваа локална самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута за господинот Караџоски (во исто време се јавува и господинот Блаже Стојаноски за реплика). Не господине Стојаноски господинот реплицираше на Караџоски, а не на вас.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро вака, како ќе ја дадат довербата граѓаните на Прилеп не би сакал да прејудицирам, меѓутоа, видете ја состојбата денеска, во Прилеп денеска вие почитуван колега, а мислам и локална самоуправа мора да се чува од граѓаните со полиција итн. Ако е тоа доверба од граѓаните, допрва ќе видиме.

Инаку, што се однесува до она што го кажавте дека предлагаме да се спои со Старавина, тоа е втоа варијанта, имајќи во предвид со кого имаме работа, со кои

гласачи имаме работа. Знаеме дека за вас не постои ништо друго освен зелено копче така што мораме да измислиме повеќе комбинации.

Од друга страна дека таму живееле, колку рековте жители, па не е проблем со кого имаме работа, кога можете да правите се двојазично не е чудо и албанци да донесете во Витолиште и Прилеп да стане двојазичен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева имате збор по повод овој амандман на господинот Блаже Стојановски. Господине Стојаноски ќе дојдете на ред, има пред вас кои бараат збор. Бидете стрпливи и јас сум стрплив.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, претставници на Владата,

Сакам сосема накратко да го образложам мојот став за опстојувањето на општина Витолиште.

Во исто време сакам да и укажам на Владата дека, ако зборува за тоа дека има стратегија за развој на државата, ќе настојува оваа општина со мал број на жители, а со голема површина и со богати природни ресурси наместо да ја укинува, да работи на поттикнување на нејзиниот развој со цел да направиме порамномерно да се распореди населението во државата и таму на тие големи простори да си ја најдат егзистенцијата поголем број на невработени од другите делови на државата.

Ако зборувате дека имате стратегија за развој на државата, ќе направите се да не се повторат ретроградните процеси на иселување и на тие жители кои сега се таму убивајќи им ја надежта за подобар живот. Вие знаете дека од 1996 година овој процес е запрен и надежта ги чува овие луѓе таму дека можат конечно нешто да направат за себе и за својата општина.

Ако имате безбедносна стратегија за државата, тогаш вие како државотворна власт мора да водите сметка дека не смеете пограничени општини да ги оставате неразвиени и обезљудени, туку треба да направите под итно се да обезбедите средства од Буџетот, да пренасочите проекти што значи се поголем број на средства да се слеат во овие општини за да може да се овозможи да се поттикне нивен силен развој за да можат да заживеат овие општини.

Затоа, почитувани претставници од власта, пограничните општини заедно со луѓето претставуват жив штит за одбрана на земјата и од навлегување на туѓо населени за што не може да се брани територија без луѓе.

Доколку не гласате за опстојување на Витолиште како општина вие ќе и пресудите на една огромна територија и на овој мал број население, навистина да биде пустина и навистина да нема како Република Македонија да ја одбрани сопствената територија. (Реакција од страна на пратениците и опомена од претседателот)

На крај, ако тргнувате од интересите на граѓаните, конечно направете нешто да видат граѓаните дека ги почитувате нивните интереси, а тоа е сите вие почитувани пратеници да гласате за интересите на граѓаните кои со референдум јасно ја изкажаа својата волја за опстојување на општина Витолиште.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор пратеникот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе сметам дека општина Витолиште треба да опстои како општина, многу од аргументите се кажаа, не сакам да се повторувам, само ќе кажам дека пред една недела бев во Витолиште, го поминав тој пат од Прилеп до Витолиште, треба да се вози повеќе од еден час за да се стигне таму и видов доста работи.

Исто така морам да ви кажам дека сум бил таму и пред 4 години, знам како беше, сега знам како е. Има доста работи изградено во позитивна смисла, разговарав со градоначалникот за сите проекти кои треба да почната да се градат и развиваат, се гледа дека ова, можеби најнеразвиеното подрачје во Република Македонија  и најретко населеното подрачје, како што кажа министерот со 500 жители, има перспектива и има ресурси да привлече луѓе кои го напуштиле тој крај со политиката која беше за време на бивша Југославија сите во градот и сите на работа во фабриките, сите станаа пролетери, сега се случува обратното и постепено луѓето се враќаат, ја обработуваат земјата која ја напуштиле одамна.

Ако ние, овој веќе започнат процес, го прекинеме со укинувањето на општината, а сигурно ќе го прекинеме, бидејќи имавме ситуација во Република Македонија кога овие општини беа под закрилата на големите општини, како што е случајот со Кочани, Прилеп, или сите други рурални средини беа ставени во 1964 година под закрилата на поголемите населени места и видовме до каде се дојде со оваа стратегија која тогаш се примени, едноставно до напуштање на огромни

македонски територии и ќе се доведеме во ситуација за неколку години воопшто да не живеат луѓе таму. Од тие 500 жители, можеби ќе нема ниеден.

Значи, ќе имаме целосно напуштање на тие територии. Ако знаеме дека е така и дека ќе се случи зошто го правиме овој чекор и не им пружиме рака на тие луѓе таа територија да остане населена.

Она што го кажа министерот како бројка од еден милион денари пари кој ќе го има како сопствени приходи се сосема доволни за тие луѓе да останат таму како општина. Тие нема да потрошат повеќе пари за опстојвување на општината. Не може таа администрација која има, таму има вработено двајца или тројца луѓе да потроши повеќе средства, а гледаме дека самиот министер го призна тоа, по однос на грантови, донации има обезбедено милионски суми за изградба на инфраструктура.

Ако одиме по логиката, морам да го спомнам ова, не би сакал, но морам, дека таа општина ќе има дефицит од сопствените приходи, тогаш треба да признаеме дека и Република Македонија има дефицит во сопствените приходи.

Како што сме кренале по тој пат тоа покажува каде ќе ја одведеме државата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Стојаноски имате додатни аргументи.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе, сакав да дообјаснам неколку работи како предлагач.

Сметам дека Владата на Република Македонија при предлагањето на овој закон требало да води сметка за спецификите на севкупниот регион Мариово. Се работи за еден пограничен регион со специфични карактеристики кој во минатото бил поделен помеѓу општините Кавадарци, Прилеп и Битола и навистина сите оние работи за кои до сега зборуваа моите колеги со отселувањето на населението од овој регион, како и немањето на патна и друга инфраструктура за нормално живеење на овие подрачја довело до намалување на бројот на жителите што сега го имаме како факт.

Имајќи го ова во предвид, тргнавме од една ситуација Витолиште да предложиме да остане како посебна општина затоа што се работи за многу голема

територија по површина и сите оние работи, да не ги повторувам, што беа кажани по однос на капацитетите на таа општина.

Втората алтернатива со која појдовме беше општина Витолиште да се спои со општина Старавина со оглед на фактот што и Старавина исто така има мал број на жители и на овој начин да се покрие голема територија, бидејќи тие се дирекно поврзани со неасвалтиран пат и на тој начин да се задоволат некои специфични потреби кои се однесуваат на жителите од овој регион и не само на жителите затоа што сепак експлоатација на шумите вршат фирми кои се наоѓаат во градовите, има рудници кои се експлоатирата од фирми кои имаат седишта во градовите итн.

Значи, се работи за некој кој ќе се грижи за инфраструктурата во овие општини.

Трета варијанта, доколку овие две не бидат прифатени, планиравме да предложиме Мариово како регион да остане една целина во која би влегле општините Конопиште, Витолиште и Старавина и на тој начин би се придружиле на залагањето на Владата за окрупнување на општините како една тенденција кон која треба да оди и Република Македонија.

Меѓутоа, факт е дека за слух и прстап за реализација на вакви цели не постоеја и не постојат со оглед на фактот дека во законот го имаме предлогот каков што го имаме и на тој начин сметавме дека единствен начин е вака на парламентарна расправа да ги искажеме нашите аргументи.

По однос на прашањето на власта дали бил градоначалникот од СДСМ или од ВМРО-ДПМНЕ апсолутно сметам дека не треба да се третира затоа што ние не ги анализираме периодите на владеење до 2000 година беше градоначалник од СДСМ или од 2000-та до денес кога е градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа сепак треба да се гледа со објективни критериуми и податоци кои се однесуваат на овие општини.

Во однос на излагањето на министерот каде министерот се повика на членот 26 каде има можност администрацијата која постои во оваа општина да се користи и понатаму од страна на локалните жители, само ќе го потсетам дека општината Прилеп е таа која треба да ги пренесе надлежностите на таа администрација.

Значи, вие со закон не регулирате што треба и не давате никаква гаранција дали и кога општината Прилеп и кои ингеренции ќе има простор да ги префрли на администрацијата која сега се наоѓа во општина Витолиште и на кој

начин ќе функционира таа меѓусебна координација и соработка во поглед на издавањето на решенија, затоа што се води единствена деловодна книга во однос на собирање на даноци и во однос на сите оние ингеренции кои во иднина ќе ги има една општина.

Од овие причини, сметам дека опстојувањето на општина Витолиште или општина Витолиште заедно со Старавина или општина Витолиште со Старавина и Конопиште како една заедничка Мариовска општина навистина ќе значи една широчина и реализација на вистинските потреби на населението не само кое живее таму, туку и кое живее во околината на овој регион, затоа што и Кавадарци и Прилепе и Битола е насочен кон регионот Мариово. Тука е, се разбира, и малограничниот промет со Грција, нови гранични премини, се случуваат малогранични средби, значи имате еден куп аргументи кои можат да ве убедат да прифатите некој од ови амандмани кои ги предлагаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклужувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеника, 19 гласале за амандманот, 1 воздржан, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Почитувани пратеници, бидејќи имаме уште 7 минути до крај, чувствувам дека е ова логично место каде треба да завршиме, објавувам крај на денешната седница, а продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,55 часот).